# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на Педесет и петтата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Трифун Костовски. Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу и Љупчо Јордановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Пред да преминеме на 24-та точка од дневниот ред и да продолжиме со претресот, дозволете ми, почитувани колеги пратеници, од ваше и од мое име на пратеникот Кире Гештаковски да му го честитам роденденот.

Пред некој ден му беше роден ден и на колегата Есад Рахиќ, меѓутоа, немавме прилика да си честитаме, еве го славеникот денеска и да му честитаме роденденот.

(Прашање од пратеник во врска со најавеното отсуство на пратеникот Љубе Бошковски).

Според она што овде следи е најавен, преку пратеничката група. Тоа се официјалните информации.

Продолжуваме со претресот по точката 24 од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.**

Пријавени за дискусија се господинот Ефтим Манев и Аднан Јашари, меутоа, не гледам дека се присутни.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Уште еднаш прашувам, дали некој друг бара збор во претресот по оваа точка? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ве молам, пред да го прочитам заклучокот, ако може да ги повикаме колегите пратеници кои се во Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да помогнат во тоа.

Во меѓувреме, ќе го прочитам заклучокот што се предлага.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Јас ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите).

Почитувани колеги, поголем број наши пратеници се наоѓаат во моментот на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците. Само да ве информирам дека тие се во фаза на завршување на нивната седница, така што секој момент би требало да дојдат и мислам дека со тоа ќе обезбедиме кворум за работа. Ве молам за мало трпение.

(Прекин на работата со чекање во салата до 10,25 часот).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, бидејќи имаше промени во бројот.

Еве, некои колеги кои беа присутни на седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците веќе дојдоа, но другите што излегоа од салата ги молам да влезат за да обезбедиме кворум.

Кворум обезбедивме, па според информациите што ги добив можеме да поминеме на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

За предложениот заклучок гласале 54 пратеници од 61 присутен во салата, 54 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 25-та точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за стоковните резерви.**

Би ве молела, колеги, ако може да имаме трпение и да бидеме тука, затоа што во 12,00 часот се закажани седници на Комисијата за економски прашања, па до тогаш да можеме да поминеме дел од точките што се на дневен ред.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, почитувани пратеници,

Дозволете ми сосема накратко да укажам на неколку битни точки од законот за кој денес ќе расправаме.

Законот за стоковни резерви Владата предлага да се донесе целосно нов, со кој во основа ќе се смени системот на постоењето на стоковните резерви и предлагаме Собранието тоа да го направи во две фази, со цел во првата фаза да се расправа евентуално за концептот и за структурата на законот, а во втората фаза и за некои поединости, се разбира, доколку тоа го прифати Собранието.

Најнапред, исто така, да кажам дека донесувањето на овој закон значи и натамошно усогласување на законодавството на Република Македонија со стандардите на Светската трговска организација на која пристапивме и на ЕУ. Доколку тоа се случи, во натамошната фаза која сигурно нема да биде побрзо од неколку години, ќе дојде до едно финално усогласување со стандардите на ЕУ. Значи да речеме двофазно усогласување, а во првата фаза целосно усогласување со стандардите на Светската трговска организација.

Со овој закон во Република Македонија ќе се уреди планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето и обновувањето и користењето на

стоковните резерви. Она што сега го предлагаме како новина е дека стоковните резерви ќе се ограничат на шест видови производи.

Во оваа фаза, мислам дека едно од прашањата за кои Парламентот треба да расправа и да го изнесе својот став или своите различни ставови е и прашањето дали се тоа тие шест производи за кои Република Македонија по донесувањето на овој закон ќе ги сочинуваат стоковните резерви, имајќи предвид дека лепезата на стоковни резерви кои досега се чуваа во Бирото за стоковни резерви беше огромна лепеза, а сега предлагаме тоа да се случи само со пченицата, пченката, јачменот, сол, нафтени деривати и лекови и потрошен медицинки материјал како една група производи, значи вкупно шест видови производи кои ќе се чуваат во стоковните резерви.

Новината која ја предлагаме е нешто што произлегува од Уставот на Република Македонија, меѓутоа, исто така, за жал, Собранието од своето постоење од 1991 година до денес никогаш не ја исполни, а тоа е дека резервите на државата ги утврдува Собранието на Република Македонија. Со овој закон се предлага Собранието стоковните резерви на Република Македонија да ги утврдува со тригодишна програма, таканаречена среднорочна програма, а врз основа на таа прорама Владата на Република Македонија да донесува свои годишни програми за реализација на таа програма. По донесувањето на овој закон до крајот на годината, тој систем со почетокот на 2005 година, заедно со фискалната година, ќе го примениме и во програмирањето на стоковните резерви на Република Македонија.

Исто така, сакам да обрнам внимание и на членот 4, кој е можеби на прв поглед порестриктивен, меѓутоа, поиманентен на системот на стоковни резерви кој сакаме да го изградиме, а тоа е дека стоковните резерви на Република Македонија нема да се користат приоритетно за комерцијални или пазарни пеглања на пазарот во Република Македонија, туку пред се ако дојде до случајна прекинато или недоволно снабдување на пазарот предизвикано од воена состојба, вонредна состојба, несреќи од поголем обем кои се регулирани, како и од други причини што довеле до поголемо нарушување на пазарот со производи, што значи, да исклучиме комерцијална употреба за дневно политички или дневно економски потреби на Владата на Република Македонија, туку стоковните резерви да претставуваат резерви кои се користат согласно членот четири.

Би сакал исто така Собранието да обрне внимание и евентуално овој концепт што се предлага во врска со начинот на користењето на стоковните резерви да го продискутираме, доколку има разлики, се разбира.

Инаку, формирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви во основа ќе се подведе под одредбите на Законот за управување со средства во сопственост на државата, значи сите видови на набавки и продажби по пат на тендери, со што ќе избегнеме целосна можност стоковните резерви надвор од тој систем да се прибавуваат или трошат. И само да кажам, како и во досегашната практика, средствата за финансирање на стоковните резерви во основа ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, меѓутоа, евентуално и од донации, меѓутоа, исто така и од средствата остварени  од самофинансирачките активности на Бирото, кое како и до сега останува како орган кој ќе ги врши управните, стручните и другите работи во врска со стоковните резерви и во состав на Министерството за финансии и Владата на Република Македонија. Надзорот е уреден во членот 22 и 23 од Законот, но да не ги повторувам, со оглед дека ги имате.

Тоа е малку изменетиот концепт на стоковните резерви, со кој доколку Собранието се согласи ќе одиме во втората фаза и после тоа ќе разговараме за некои детали кои се од подруг карактер. Меѓутоа, за овие прашања кои во воведното излагање ги потенцирав, би замолил ако има коментари или различни видувања да ги изнесеме сега за да можеме во втората фаза да расправаме.

Благодарам госпоѓо потпретседател.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитувна потпретседателке, почитуван минситре, колеги пратеници,

На денешното продолжение на 55-та седница на Собранието на Република Македонија имаме Предлог за донесување закон за стокови резерви по кој ќе го дадам мојот краток коментар во оваа прва фаза од неговото доенсување.

Со овој Предлог всушност ќе се регулира уште една област со која сеуште важат и се работи по прописите од бившата С РМ. Законот за стокови резерви по кој сеуште се работи е објавен во Службен весник на Собрание на Република Македонија број 47 од 16.12.1977 година, со единствени измени и надополнувања на истиот извршени се само во казнените одредби , кои од динари се заменуваат со број на просечни плати објавени во Службен весник на Република Македонија број 13 од 2.03.1993 година. Значи иницијативата покрената со овој Предлог за

донесување на нов закон е за поздравување, затоа што законот што досега се користи, воопшто не одговара на ново настанатите услови. Многу од институциите што по него имаат ингиренции веќе не се водат под истите имиња, како што се извршен совет на Собрание на Република Македонија, Републички секратар за општо стопански работи, Републички секретар за народна одбрана, Сојузна дирекција за стокови резерви, организација на здружен труд и слично. Се на се , законто е од едно друго време и уредување со терминологија која што не соодвествува на пазарно ориентирано стопанство, какво што сега градиме во Република Македонија .

Основните интенции на Предлгоот за донесување на сосема нов концепт на закон за стокови резерви е да се скрати бројто на артиклите кои ќе имаат третамна на стоки кои ќе се чуваат и зановуваат.

Предлогот за донесување на закон е многу пократок. Има само 29 члена од досегашниот кој е двојно поопширен 60 члена.

Во досегашната пракса со годините и среднорочните програми, многу голем број на артикли за исхрана и хигиена на населението се зановуваа и чуваа како стокови резерви, како што беа брашно, зејтин, шеќер, сол, макарони, конзерви, сапуни, детергенти, а исто така и резерви од жива стока.

Всушност со стоковите резерви се обезбедувало и понатаму ќе се обезбедува трајно и непречено снабдување на пазарот со производи, неопходно потребни за животот на населението, во случај на одредени потешкотии во снабдувањето, предизвикани од некои крајно непожелни состојби. Било тоа да се елементарни непогоди од поголеми размери, разни несреќи, вонредна или воена состојба, кога редовното снабдување се пореметува и настануваат потешкотии во снабдувањето на пазарот.

Јас тука веднаш би напомнала дека член 2 од Предлогот треба да се надополни со уште еден збор. И тоа, по зборот “на населението”, да се додаде и зборот “добитокот”. И членот 2 всушност, да гласи: “стоковите резерви се формираат од производи, кои се од исклучително значење за живото на населението и добитокот во Република Македонија “. Тоа го предлагам од причина што сметам дкеа пченката и јачменот, што се наведени во членот 3, се за добиточна исхрана. А исто така за добитокот треба да стои да се чуваат и лекови и санитетски потрошен материјал.

Во Предлогот задржано е старото решение од постоечкиот Закон за формирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковите резерви кое се врши врз основа на среднорочна и годишна програма.

Владата на Република Македонија ја донесува среднорочната програма за период од три години. А годишната програма Владата ја донесува врз основа на среднорочната програма, но по предлог на минситерот за финансии, кој претходно обезбедил мислење од органите на државната управа, од областа на одбраната, економијата, земјоделството и здравството.

Почитувани колеги, правејќи компарација на одредбите од Законот што се применува, оној претходниот што важеше до 1979 година, сојузниот, во кој што имам целосни сознанија, затоа што работев во трговско претпријатие, кое што во тој период изгради магацин за чување на стокови резерви од републички и општински карактер. Тогаш всушност, имаше три вида на стокови резерви: сојузни, републички и општински, па можам да направам паралела, какви беа тогаш прописите, правилата , процедурите, санкциите и се она што всушност, сега со Предлогот ни се нуди.

Можам да констатирам дека сегашниот Предлог е многу пократок, по либерален и прилагоден на новото време, без ингеренции и во интервенирање на пазарот за смирување порастот на некои цени во случај на негово пореметување.

Иако во социјализмот се изградија многу складишта за стокови резерви, со сојузни и републички средства, по сите стандарди и прописи, со посебни согласности , нивната судбина и намена во овие години на транзиција , сигурно е различна. И навистина е штета што таквите соодветни простори, сега се користат за сосема други цели, односно намени. Сега во Предлогот тие складишни простори воопшто не се споменуваат, затоа што е изменета нивната сопственост, намена и затоа во член 8 од Предлогот е кажано дека изборот на скалдиштарите го врши Бирото за стокови резерви, согласно Законот за јавни набавки, при што меѓусебните односи се регулираат со договор помеѓу Бирото за стокови резерви и избраниот складиштар.

Исклучок се прави само за стоковите резерви од нафтени деривати, кои задолжително ги сместуваат, чуваат и обновуваат правни и физички лица, кои вршат производство или промет на нафтени деривати и ги исполнуваат условите за увоз на нафтени деривати, што е регулирано во член 10 од Предлогот.

Почитувнаи колеги, по членот 11 , предлагам да се вметне нов член 12, кој ќе го регулира чувањето на лекови и санитетски потрошен материјал за добитокот, кој

што би гласел: “стоковите резерви на лекови и санитетски потрошен материјал за добитокот можат да ги чуваат субјекти кои се регистрирани, односно поседуваат дозвола за вршење на производство , или промет со лекови и медицински потрошен материјал за добитокот, согласно со закон”. Член 12 ќе стане член 13 и т.н.

Сметам дека ова е битно да се вметне, затоа што во ситуации за кои се наменети стоковите резерви и добитокот страда, како и луѓето, а неговата улога е двојна, како за исхрана на луѓето , так аи за транспорт на луѓе , стоки и слично. и во постоечкиот Закон , во сегашниот Пртедлог складиштарите кои ќе потпишат договор со Бирото за стоковни резерви, за чување на определени артикли, истите не смејат да ги користат, продадат, или оутѓат на било кој начин, без претходна писмена согласност од Бирото за стокови резерви и без одлука на Владата за користење и обновување на стоквоите резерви.

За складиштарот изричито и децидно е кажано дека во случај на продажба на стоковните резерви, тој не смее да има приоритетно право на нивно купување. Исто така, во случај на стечај на скалдиштарот, законодавецот предвидел одредба , со која стоките превземени за чување согланссо договорот со Битото за стокови резерви имаат изрично право, односно се изземаат од стечајната маса и не служат за измирување на обврските на стечајниот складиштар.

Финансирањето на стоковнте резерви, целосно се покрива од Буџетот на Република Македонија од средства обезбедени од самофинансирачки активности и од обезбедени донации.

Почитувани, како и во постоечкиот Закон и во Предлогот е предвидено сите административни стручни и други работи вов рска со стоковите резерви, да ги врши Бирото за стокови резерви , орган во состав на Министерството за финансии, односно досегашната Дирекција за стоквои резерви. Тука пред се се мисли на вршењето контрола на чувањето, обновувањето и користењето на стоковите резерви.

Ако Бирото оцени дека квалитетот и квантитетот на стоките не може сам да го контролира, таа работа може да ја довери на специјализирана организација, а која што работата може да ја заврши стручно и компетентно. А за контролата на лековите и медицинскиот потрошен материјал, кажано е дека тоа може да го направи во соработка со Агенцијата за лекови.

Во членот 20 од Законто дадени се ингеренциите на Бирото за стокови резерви при констатирани недостатоци и тоа пред се: тоа д аможе да превзема мерки за отстранување на утврдените недостатоци од извршената контрола и да

даде рок до кога треба тие да се отстранат. Ако оцени дека стоковите резерви се загрозени од одредени причини, може да одлучи тие да се преместат и тоа да биде на трошок на складиштарот. Битоaccording може да поведе и постапка за раскинување на договорот, или ако констатира не почитување на пропишаните правила, може да поднесе предлог за покренување на прекршочна, кривична и друга одговорност. Со еден збор кажано, ги превзема сите потребни и неопходни мерки во согласност со законските прописи за целосна заштита на стоковните резерви од уништување , расипување и сл.

На крајот, како што е концепцијата и на секој друг закон и во овој Предлог за донесување на закон, дадени се казнените одредби за непочитување на пропишаните правила и преоднит еи завршните одредби, со кои што се регулира со член 16, 17 и 18 од постоечкиот Закон, ќе останат во примена до 30 јуни оваа година, односно законот ќе влезе во сила осмиот ден од објавувањето во Службен венсик , нормално, откако ќе ја помине и втората фаза на собраниската процедура, како што наговести и минситерот.

Како член на Комисијата за финансирање и буџет, ја давам мојата подршка за овој нов концепт, за регулирање на проблематиката со стоковите резерви на нов современ и поекономичен начин и се надевам дека во иднина нема да ни се случуваат одредени злоупотреби со стоките и паричните средства за таа намена. Предлогот за донесување по скратен и попрактичен закон за стокови резерви ја доби комисиската подршка и подршката на пратеничката група на СДСМ.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВОВСКА:

Збор има господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Влада, колеги пратеници,

Неминовно сите ќе се согласиме дека е неопходна потребата од донесување на законот за стокови резерви, бидејки сепак, оваа проблематика и досега се регулираше со законски решенија, кои што беа специфични за едно друго време. Во меѓувреме се изменија многу работи, можеби повеќе од терминолошка гледна точка, како што и во образложението се истакнува, повеќе и од практична гледна точка и ваков закон мора да се донесе и истиот е добро што оди во две фази и фактички ние да дадеме еден придонес за донесување на еден закон, кој што ќе ја регулира оваа

проблематика, односно проблематиката сврзана со стоковите резерви од една страна и да не ни се случуваат разноразни работи кои што не би требало да се случуваат и со тие законски решенија можеби во суштина го овозможуваа истото.

Ние во минатиот период бевме сведоци дека токму со стоковите резерви, или во стоковите резерви се одвиваа разноразни некои несеакани работи или криминални активности, па често пати читаме дека во тие лепези на производи кои што беа застапени, слушаме дека во стокови резерви може да се чува и свежа риба, или некои скапи козметички препарати под плаштот на такви законски решенија, кои што во таа лепеза на производи кои што можеа да се чуваат се овозможуваше истото.

Сега би се осврнал на самиот закон. Воглавно мора да истакнам дека со вакви предложени законски решенија успешно ќе се придонесе за решавањето на проблемите во оваа сфера, односно со стоковите резерви. Истите решенија, мора да се истакне , се во функција во фаза на ориентирано стопанство кое како такво постепено го градиме и целосно треба да го изградиме се разбира, и од друга страна , стоковите резерви да се формираат по обем, количина или видови, кои во целост ќе одговараат за потребите за кои се формирани.

Исто така, е за поздравување што широката лепеза на стоки кои што беа предвидени со стариот Закон, кои што поединечно не беа наброени, туку глобално кажано сега драстично се намалуваат. Навистина сега со стоковите резерви ќе се набавуваат и чуваат само витални производи неопходни, недај Боже за некои вонредни состојби што можат да се случат во нашата земја истите да се употребат. Добро е во новите законски одредби и со овој закон што е предвидено да се елиминираат, како што досега беше истакнато позајмувањето на стоки од стоковите резерви на физички или правни лица кои истите понатаму се злоупотребуваат, не се враќаа и т.н. Исто така мислам дкеа е добра одредбата да се навратиме на тој член 4 кој и министерот го истакна со интегрирање на стоки од стоковите резерви на пазарот заради разни инфлаторни движења. За пазарно ориентирано стопанство мислам дека такви појави не одат со самото време. Во пазарни услови сигурно тоа би имало негативно влијание во самата конкуренција на пазарот што може да се одвива и т.н.

Јас и поединечно имам некои свои видувања во самите законски одредби, кои што верувам предлагачот во домашната верзија на изготвувањето на самиот закон ќе ги има во предвид и сметам дека ќе се изготви еден навистина, концизен, целосен закон за стоквои резерви, кој што од една страна ќе биде во согласност,

како што истакна и самиот министер со директивите на Европската Унија, со Светската трговска организација и тој закон, фактички ќе има успешна, и практична примена и во наши услови.

Јас би спомнал поединечно, можеби требаше драстично намалување на оваа лепеза на производи кои што би можеле да бидат чувани како стокови резерви во членот 3. Не е лошо да се размисли да се вметнат како производи брашното, шекерот, зејтинот, како производи од некое поголемо значење за населението во тој контекст да бидат стокови резерви. Моето видување предлагачот во наредната фаза исто сметам дека ќе го разгледа .

Во членот 4 како што истакна министерот можеби тука требаше да се напомнат и тие несреќи од поголем обем, иако знаеме дека можат да бидат поплави, суши и т.н. глобално се кажани несреќи од поголем обем кога може да се интервенира со производит еод стокови резерви. Може тука да се напомне она што претходно истакна и самиот министер. Не може да се интервенира освен за комерцијални потреби во тој дел. Никако со тие стоки во стокови резерви што се правеше претходно. Мислам тука треба допрецизирање. Инаку како концепт одлично е застапен.

Понатаму во членот 5, среднорочна и годишна програма јас не да го намалам значењето апсолутно, на Парламентот, програмите си ги носи Владата и ги реализира таквите програми и годишната и среднорочната програма за стоковите резерви. Во членот 10 специфика е со чувањето на нафтените деривати, како стокови резерви. Дали тука ќе ги чуваат правни и физички лица. Дали сега физички лица би било можно да се јават сега да ги чуваат тие стокови резерви, незнам.

Членот 16 продажбата, мислам не е дообјаснет. Продажбата на стоки од стокови резерви на кој начин ќе се врши. Да се напомене, дали тоа ќе биде со лицитација.

Понатаму, членот 17 ја сум оптимист само финансирачки активности како дле на средства, кои што се потребни фактички за набавување, чување на стоковите резерви кои се тие, би можело аналитички да се каже. Дали туакне требаше да се напомене сигурно има раководител, или директор во тоа Биро за стокови резерви. Кои услови би требало да ги исполнува. Не е напомнато како орган кој ќе раководи . Тоа би се направило со некој друг подзаконски акт. Јас сметам дека во овој закон би требало да постои како таков.

На крајот, би требало во казнените одреби, сметам дека добри се. Сепак сите негативности или појави, штонекој може да ги направи предвидените соодветни

санкциони мерки како такви добро се предвидени и мислам ќе биде во насока на успешно набавување, чување, располагање со самите стокови резерви. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има минситерот за финансии г-динот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само едно укажување по повод последната дискусија. Во членот 16 вов рска со продажбата на стокови резерви, таа се врши согласно законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државна власт, во поглед на средствата во државна сопственост, што тие ги користат и располагаат, согласно тој закон се врши по пат на , како што кажавте, лицитација. Значи тоа прашање е уредено за тој закон и не може да се врши под други услови.

Во врска со директорот, мислам дека се дилеми кои треба да ги размислиме и евентуално да ги вградиме. Нам ни е тоа прифатливо.

Во врска со клучната дилема за членот 5 и членот 6 во врска со годишната и среднорочната програма, мислам дека е клучен членот 6, каде што кажува дека во својата среднорочна програма Собранието ги утврдува видот и количината на токовите резерви изразена во денови на комерцијална потрошувачка. Или тоа практично значи дека во својата тригодишна програма давам пример, Собранието ќе оцени дека нафтените деривати треба да се одржуваат во идните 3 години на ниво на деведесет дневна потрошувачка , комерцијална во Република Македонија. А со годишните програми се уредуваат поединости кои можеби треба да се задолжи Владата, затоа што тоа подразбира цените , финансирањето , набавката, чувањето, каде ќе се чуваат и т.н., што се детали. Политиката во таа работа е Собранието да оцени за овие 6, или 5, или 7 како на крај ќе заврши законот производи, колку дневна потрошувачка треба да имаме и за тоа да ја задолжи Владата годишно во својата политика да ја одржува , да ја финансира, да ја складиштари, да ја обновува, бидјеки може да значи тоа дека ние во текто на една година ќе треба пченица да обновиме, за да ја задржиме. Таа си има рок на траење, се чув апод одредени услови и т.н.

Затоа сметам дека е подобро Собранието да ја води политиката, а извршувањето на политиката да се препушти на Владата, особено, во овие детали за кои говорам. Значи тоа е мотивот зошто Владата така пристапува. Инаку Собранието ќе се оптовари во тој случај, даречам со непотребни технички детали во политиката на стоковите резерви на државата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам, г-ѓо потпретседател,

На почетокот сакам да нагласам дека ние како парламентарна група го поддржуваме усвојувањето на овој закон со кој што се регулира планирање, формирање, финансирање, чување и употреба на стоковните резерви. Голема причина зошто треба да се поддржи овој нов закон за стоковите резерви е дека Законот кој што актуелно е на сила е усвоен во 1987 година, што значи од бившиот систем и терминологијата која што се користи во тој закон е застарена, не е компатибилна со термините кои што се користат во денешната економија. Се знае дека во тоа време економијата била организирана економија, додека сега имаме пазарна економија. Друга причина зошто треба да се поддржи и усвои новиот закон за стокови резерви е тоа што во Законот кој што е актуелно во сила, листата на стоки кои што се евидентираа како стокови резерви на Република Македонија е многу широка и со стоки кои што се непотребни. Се разбира, во време кога е усвоен тој закон постоеле други разбирања. Сега е една нова реалност и листата на стоките кои што се евидентираат како резерви треба да се редуцира. И ова се дефинира јасно во член 3 од Предлог-законот за кој што денес дискутираме. Меѓутоа, и покрај тоа според нашите проценки членот 3 треба да претрпи измени или подобро речено листата на стокови резерви кои што се предлагаат во членот 3 треба да се дополни покрај со жито, пченка, сол, дериватите на нафта, лекови и други медицински средства, треба да се надополни со масло, хигиенски материјали како што се детергентите, млеко, млеко во прав. Потоа во членот 4 каде што се предвидува во кои случаи можат да се употребат стоковите резерви, мислам дека терминот несреќи од поголем обем, треба добро да се дефинира за да не се остави простор за манипулација.

Во членот 15 алинеја 3 од овој член во кој што се вели дека стоковите резерви можат да се искористат по пат на продажба, или по пат на давање без надокнада, бесплатно и овде за да се затворат просторите за манипулација треба добро да се прецизира кога и како можат да се употребат стоковите резерви. Овде може да се каже дека стоковите резерви можат да се искористат, или да се продадат во случаите кога се исполнуваат условите кои што се предвидени во член 4 од овој

закон. Потоа во членот 19 се употребува терминот Агенција за лекови, додека таква агенција не постои, постои Биро за лекови.

На крај сакав да поставам едно прашање за да се отстранат сомнежите во врска со стоковите резерви. Прашањето е, како мисли Министерството за финансии да се растерети од постоечките стокови резерви кои што не се предвидени со новиот предлог на закон да бидат во листата на стоковите резерви. Уште еднаш да нагласам на крајот, ние ќе го поддржиме усвојувањето на овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има министерот за финансии господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Веднаш да кажам дека дел од забелешките веројатно ќе ги разгледаме, не би ги коментирал веднаш. Меѓутоа, сакам да укажам на зборовите: несреќи од поголем обем, во членот 4 се мисли на природни несреќи кои можат да ја снајдат Република Македонија и кои се понекогаш логична појава. Можеби треба да го допрецизираме. И членот 15 став 3 дека стоковите резерви можат да се користат и со отстапување без надомест, се мисли на тоа, значи во случаи на поплави, земјотреси, пожари или други  природни несреќи, Владата може да одлучи загрозеното население да добива од стоковите резерви без надомест, а не по пат на продажба.

Во врска со прашањето како Владата на Република Македонија мисли да се ослободи од сегашните резерви, ние веќе преземавме активности, сите видови на производи кои ги чува Владата во овој момент преку Бирото за стокови резерви, а не спаѓаат во категоријата на производи кои се опишани во ставот 3 во една динамика која времето го дозволува постапно ќе бидат продадени согласно со законската регулатива по пат на јавно надавање, со конкурси во јавноста, средствата кои ќе се добијат од таа намена ќе бидат употребени за дополнување на стоковите резерви кои ќе се утврдат со членот 3, тоа се овие 6, или ако Парламентот евентуално во втората фаза донесе и поинаква одлука за некоја промена, тогаш вклучително и тој вид на стоки. Меѓутоа, средствата ќе се употребат целосно за дополнување на овој вид на стокови резерви.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Прашањата кои се однесуваат на формирањето, обновувањето и користењето на стокови резсерви како што беше речено и од претходните говорници е регулирано со Законот од 1987 година. Овој закон предвидува формирање на стокови резерви кои што според формирање, количество и видот не одговараат на потребите за кои што се формираат овие резерви.Што значи дека некои стоки како стокови резерви не се во функција на реализација на целите и задачите на овие стокови резерви. Еден ваков став на формирање на стокови резерви ангажира и значителни материјални средства кои што се одделуваат од Буџетот. Ова е причината според мене, затоа што предлагачот го предлага овој нов закон. Од друга страна исто така, сакам да кажам дека преку овие измени или преку овој закон што е предложен се бара и хармонизација на терминологијата која што се употребува во Законот што е во сила да биде во согласност со општественото уредување, елиминирајќи ги сите поими кои што се употребуваат во законот кој што е на сила. Овој закон исто така предвидува и одредби кои се во функција за кои би рекол дека се во функција на реализација на уставните потреби според кои економските субјекти слободно дејствуваат на пазарот со слободно движење на капитал на стоки и технологија како на внатрешен, така и надворешен пазар. Исто така, мислам дека преку овој предлог или пак предвидените одредби во овој предлог се обезбедува и подобра економизација во функција на елиминирање на некои мерки, или пак трошоци што безпотребно се даваат за обезбедување на некои одредени стоки и кои што можеби она што е најзначајно за мене е дека преку овој закон да се направи елиминирање на интервенирањето на пазарот со стоки од страна на стоковните резерви со цел во услови кога се зголемува обемот на барањата да се зголеми и количеството што е во спротивност со принципите на пазарната економија и слободна конкуренција. Преку овој предлог исто така се бара да се елиминира принципот на штедење на стоки од стоковите резерви. Но, сепак во согласност со ова што го реков, со Предлогот се предвидува формирање на стокови резерви кои што се од витален интерес за животот на граѓаните и што како што пишува во некои одредби можат да се употребат во вонредни услови, услови кои што можат да предизвикаат попречување на снабдување на граѓаните со стоки и тн., како што се земјотреси, поплави и тн.

Јас лично ќе се задржам на некои од забелешките за кои што мислам можеби требало да се формулираат поинаку или пак да се решат со некои нови решенија. Во член 5 во алинеја 2 и 4 надлежноста им се дава на Собранието и на Владата.

Можеби Владата, или пак предлагачот го има разгледано предлогот, надлежностите на Собранието кои што се однесуваа со усвојување на програмата во согласност со она што е предвидено во алинејата 2, да се пренесат на Владата, а надлежностите на Владата се дадени во алинеја 4, значи да се пренесат на Бирото овие надлежности.

Второ, во член 9 каде што се говори за договор, спогодба меѓу Бирото за стокови резерви и магационерот би било добро да се зборува за договор за магационирање , затоа што договорот може да биде од разни форми и бидејќи тоа го подразбира, но сепак, заради формално-правни причини да се потенцира, значи дека станува збор за договор за магационирање, за складирање.

Друго прашање е член 19 алинеја 2 кое се однесува за контрола на квалитетот и квантитетот или количеството на стоки во стоковите резерви. Ми изгледа дека не е дефинирано оваа контрола дали е договорната страна, значи субјектот за контрола на квалитет и квантитет на стоки може да го направи со, или без согласност на бирото. Јас мислам дека би било добро во член 19 во продолжение на алинеја 2 да се потенцира и ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке, министре за финансии, дами и господа,

Овој предлог за донесување на закон за стокови резерви е сосема оправдан со оглед на тоа дека оваа материја како што и претходните колеги кажаа е регулирана со закон од 1987 година кој не кореспондира со новововедените критериуми во пазарното стопанство, значи потребно е осовременување на регулативата. Меѓутоа, како што кажаа и претходните колеги имам определени забелешки на Предлогот за донесување на закон. Она што го потенцираа, ќе го потенцирам и јас, а тоа е членот 3 од Предлогот за донесување на закон. Во овој член 3 децидно се наведени кои продукти ги сочинуваат стоковите резерви. И во расправите на претходните колеги беше кажано дека досега со законот била регулирана широка лепеза на производи кои учествувале, кои се третирале како стокови резерви. Ако тогаш била лепезата доста широка, тогаш со ваквиот предлог на закон мислам дека е премногу стеснета, верувам дека и определени колеги ќе се согласат со тоа, а сепак се работи за производи од витален интерес, или како што е

формулирано во член 2, тоа се производи кои се од исклучително значење за животот на населението во Република Македонија.

Јас ќе се придружам на Предлогот дека овој член 3 треба да претрпи определени измени и надополнувања посебно со производите шеќер, зејтин, а можеби и некои други до финалната верзија на Предлог-законот за стокови резерви.

Во однос на членот 4 се утврдува времето кога овие стокови резерви се користат, значи во случаи на непрекинато, или недоволно снабдување на пазарот предизвикано од воена состојба, вонредна состојба, несреќи од поголем обем како и од други причини што довеле до поголемо нарушување во стопанството, на пазарот со производи од член 3 на овој закон.

Во ставот 2 од овој член се вели дека Владата на Република Македонија ги определува несреќите од поголем обем, во смисла на став 1 од овој член.

Јас сакам само да предупредам дека Владата на Република Македонија мора да има точно утврдени критериуми врз основа на кои таксативно ќе ги наброи несреќите од поголем обем. Дали Министерството за финансии или министерот за финансии не смета дека во овој член како што беше и во ЗПК треба да биде надополнето покрај сите овие вонредна, воена состојба и елементарни непогоди од подолг временски период како што ни беше и во извештајот на ЗПК.

Во член 8 е дефинирано дека Владата ги утврдува критериумите и во став 1 и во став 2, да не го читам сега целиот член.

Сега во член 10 имаме исклучок дека стоковите резерви на нафтени деривати, значи покрај исклучок од целиот став е исклучок од сите производи се однесува само на нафтените деривати. Значи, по исклучок од член 8 од овој закон задолжително ги сместуваат, чуваат и обновуваат правни и физички лица кои вршат производство, или промет на нафтени деривати и стекнале услови за увоз на нафтени деривати. Јас би сакала министерот за финансии да ми објасни зошто постои овој исклучок и зошто се однесува само на нафтените деривати?

За мене симптоматичен е и член 13 од Предлог законот кој децидно вели дека во случај на отварање на стечајна постапка над складиштар на стокови резерви, стоките од стоковите резерви имаат право врз основа на договорот за складиштење во количини и квалитет утврдени со договорот. Незнам од кои причини претходните колеги не го потенцираа овој член 13. Меѓутоа, ако Владата е сериозна  во намерите да ги канализира стоковите резерви и да ги утврди согласно сите критериуми и потребите на Република Македонија, зошто тогаш постои овој член и зошто тогаш да не се избере некоја сериозна фирма со оглед на тоа дека при склучување на договор

мора да се има прегледност, или лична карта на фирмата за да може токму на тој складиштар да му бидат доверени чувањето на стоковите резерви. Сметам дека ваквиот член или треба да претрпи соодветна преформулација, или пак воопшто да не биде присутен во самиот предлог на закон. Ако веќе сме сериозни, уште еднаш ќе повторам, во намерите да ги канализираме стоковите резерви и да ги употребуваме како што е предвидено со претходните одредби на овој закон.

Ќе се навратам само на член 12 во кој се вели дека складиштарите не смеат стоките од стоковите резерви да ги користат, отуѓат, да ја променат нивната намена и структура, или на друг начин со нив да располагаат без претходна писмена согласност од Бирото за стокови резерви, согласно одлуката на Владата. Ова е дадена како генерална одредба за сите стокови резерви. Меѓутоа, ние имаме овде стокови резерви кои се однесуваат на лекови и медицински потрошен материјал. Дали и вакква писмена согласност ќе се бара од Бирото за лекови, или ќе се бара од Бирото за стокови резерви. Мораме да го допрецизираме. Кога веќе имаме исклучок за нафтените деривати и посебен член за него, сепак лековите се многу значаен фактор во сите времиња, не само во ова денешно време, неопходни се за здравјето на луѓето.

Во член 15 се вели “Владата одлучува за користење и обновување на стокови резерви. Во став 2 се вели “Со Одлука на Владата се определува видот, количината и намената на стоковите резерви кои се користат. Став 3 вели “Стоковите резерви можат да се користат со продажба или со отстапување без надомест”. Ако веќе во претходните два става имаме одлука, зошто во став 3 не е наведено кој одлучува дека стоковите резерви можат да се користат со продажба или со отстапување без надомест. Значи, да се допрецизира оваа одредба од член 15 став 3.

Во однос на член 19 став 1 се однесува, всушност претставува општа одредба во која се вели дека Бирото за стокови резерви врши контрола на начинот на формирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковите од стокови резерви. Значи, во овој став 1 се дадени сите видови на стокови резерви.

Став 2: “Контролата на квалитетот и квантитетот на стоките од стоковите резерви може да се довери на субјект регистриран за контрола на квалитетот и квантитетот. Дали тоа не значи дека Министерството за финансии треба да има листа на лица кои се регистрирани за контрола на квалитет и квантитет и таа листа на Министерството да се користи во случај кога треба да ссе врши контрола на квалитетот и квантитетот.

Во став 3 издвоени се лековите и медицинскиот потрошен материјал, во кој се вели дека контролата ја врши Бирото за стокови резерви, во соработка со Агенцијата за лекови. Агенција за лекови не постои, постои Биро за лекови, што значи ќе мора да се корегира овој текст.

Во членот 22 надзор над примената на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии. Јас се согласувам и сите колеги се согласуваат дека Министерството за финансии, меѓутоа, ова Министерство има многу органи во негов состав, што значи мора да се прецизира кмој орган од Министерството за финансии врши контрола на примената на одредбите од овој закон.

Само уште еднаш за крај ќе се навратам на членот 3, на членот 4 од Предлогот за донесување на закон. Јас сметам дека и сите ние треба да сметаме дека економската состојба во Република Македонија не е како што треба, многу е лоша, ние го донесуваме овој закон, го предлагаме неговото донесување во наредната фаза, веројатно и ќе се усвои овој закон, меѓутоа, мислам дека Министерството за финансии мора да посвети должно внимание на стоковите резерви и структурата на стоковите резерви, покрај онаа што е наведена во член 3, значи што се претставува стокова резерва, затоа што како такви производи тие имаат, сепак, влијание врз животот, врз основните егзистенцијални потреби на граѓаните на Република Македонија. Сметам дека државата мора добро да размисли дали таа листа ќе ја прошири, со оглед на фактот дека кај нас во Република Македонија постојано во оваа фаза на ваква лоша економија имаме интервентна потреба за поткрепа на државата со стоки, како и се од витален интерес за населението во Република Македонија, како што се наведува и во член 2 во Предлогот за донесување на законот.

Јас би сакала орган што го поставив како прашање од министерот ако може да ми биде одговорено.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колешке.

За реплика се јави господинот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам потпретседателке.

Само една забелешка, кратка, се работи за забелешката на колешката во врска со член 13, а тоа е во врска со складирањето на стоковите резерви. Беше поставено прашање зошто воопшто постои член 13, со што инсинуираше евентуални нечесни работи при изборот на складиштата. Би сакал само да кажам дека постои можност и при избор на фирма со најголем рејтинг и бонитет односно една од најуспешните фирми да се избори за оваа дејност, секогаш постои можност да се покрене стечајна постапка. Значи, никој не може да биде сигурен, па затоа законодавецот мора да го предвиди тоа во законот, со што мислам дека во член 13 е токму тоа предвидено. И во најчесни намери и со избор на најуспешна фирма, секогаш постои можност складиштарот да биде доведен во постапка за стечај.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓа Којзеклиска, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ништо не прејудицирав, само констатирав така како што е предложено во членот 13, а ќе го посочам колегата на член 22 каде што се вели дека "Надзор над примената на одредбите на овој закон врши Министерството за финансии". Значи, тоа претпоставува континуирана контрола на складиштарите и не треба да се доведе во состојба да дојде до примена на член 13, затоа што се работи за стокови резерви. Не е за обична фирма, туку се работи за стокови резерви на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За дискусија се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги,

Сега ние имаме Предлог за донесување на закон за стокови резерви. Значи, треба да оцениме дали има основа да се поддржи овој предлог ваков закон да се донесе и да видиме кои основни дилеми добиваат некои разрешувања во овој закон, во овој текст. Конкретните предлози овде, содржина на законот за стокови

резерви кој е презентиран, мислам дека ќе имаме можност со амандманска расправа посериозно да се задржиме на некои работи кои добро е што се спомнуваат сега. Мислам дека основната дилема која овде со овој закон се разрешува и во членот 5 и 6 како во склад со уставното решение да се направи една функционална состојба која дозволува одговорно да се работи и со резервите и тоа врз законска основа. Внимателно ги погледав овие два члена и мислам дека е добро решението, во ред е тоа решение.

Друга дилема која постои е дали државата преку своите стоковни резерви ќе стои зад некој недостаток на стока во снабдувањето на населението и дали крајно широко ќе интервенира во редовното снабдување на населението. Од тој аспект мислам дека овде има едно рацио во решението што се предлага и тука не би навлегувал од тој аспект на оваа дилема. Меѓутоа, кај резервите постои уште една дилема. Фактички, инструментот на резервите, системот на резервите воопшто е производ на пазарното стопанство. Непазарното стопанство се потпира на планот, а не на резервите. Во вистинските непазарни стопанство немало резерви и немало институции на резерви, туку се било испланирано и постои во планот. Според тоа, системот на стоковите резерви е инструмент во пазарано стопанство и тоа во поразвиеното пазарно стопанство кога се легализирал системот на државна интервенција и е елемент од таканаречениот организиран пазар. Тој го има систем, да речеме, сите економии го имаат, американската економија има систем на материјални резерви многу развиен. Исто така, Европската унија има и тој има превасходно друг карактер, не да обезбеди снабдување на населението во тешки состојби, војни или вакви или такви состојби, несреќ вакви или такви, туку тој систем на резерви е повеќе за интервенција на пореметување на пазарот, особено кај оние чувствителни производи кои имаат многу важна улога на пазарот, не во снабдувањето толку на населението и тоа, но повеќе на состојбите на пазарот, на економијата, на оние главни играчи на пазарот и тн. Затоа, покрај снабдувањето на населението како критериум, секаде влегуваат и критериумот на интервенција на државата и со системот на стоковни резерви кога има циклични движења кај некои производи и кои се од огромно значење за економијата и во периодот на циклични кризи. Тоа е кај млечните производи, путерот и другите производи и тн., во Европската унија, целиот аграрен пазар е организиран пазар и се потпира добар дел и на системот на стоковни резерви кои се финансирани најголем дел тие се поврзани и со стимулации и со извоз, најголем дел се финансирани од системот на комуналните трошоци на Европската унија.

Затоа, овде мислам дека ние сега се наоѓаме, ние сме мала економија и тешко можеме да ги поднесеме ударите на пазарот со развивање на сопствени резерви. Нашата економија мора тековно многу повеќ да биде сама. Сите овие наши производители да бидат непосредно прилагодени на барањата и тие хирови на пазарот. Добар дел ќе бидат купени и вклучени во поголеми системи од странство, кои ќе си водат сметка и за тие пазарни последици што ќе ги има, но ние сега се наоѓаме во еден период на приспособување на нашето стопанство на системот на слободна трговија кој го воспоставуваме со повеќе земји, на обврските кои произлегуваат од нашето пристапување на Светската трговска организација, а исто така постепено и на нашето приближување кон Европската унија. Во овој систем, во еден таков период добро треба да се проучи дали не е потребна и таа, да кажам, така организациона улога на нашите стокови резерви против која начелно во овој момент ќе бидат меѓународните финансиски институции, заради тоа што ја зголемуваат потребата од обезбедување на средства во Буџетот. Меѓутоа, треба да се види дали ако ја немаме таа улога, нема факторите на пазарот да доаѓаат, кои не сме ги добро пресметале, нема да ни нанесуваат тешки удари, па да имаме и нагли падови на производството на одредени сектори, кои потоа нам ќе ни излегуваат и како фактори кои оневозможуваат Буџетот да се полни, финансиите да функционираат и тн. Затоа, е потребно едно добро проценување на состојбите во државата и треба да се види дали, да кажеме, тутунот и во која мерка, без оглед што е еден дел купен од странски фирми, системот мора овде да функционира, не е во такво цикличко движење, во движење кога на две - три години се редат слаби години, кога нема добар пазар, а потоа кога има пазар и тн. Или пак, неинтервенцијата на државата преку стоковите резерви ние веќе сме ја надополниле со трансформација на производството и напуштање на тутунопроизводството, туку смалување и тн.

Слична е состојбата и со млекото, млечните производи. Ние имаме циклични млечни кризи како што гледате. Добар дел е тоа и заради нашето прилагодување на обврски кои сме гиземал на намалена контрола на продор на млеко од странство. Сега, еве, велат дека се направени некои малверзации, па дошло млеко во прав многу, но тоа исто така, знаете ли зошто е тоа потребно? Не е лесно да се трансформира едно производство и да прејде во некое друго производство, да добие една рационална замена. Ние не можеме до крај тоа да го одржиме, но можеме на ударот да помогнеме ударот полесно да се поднесе. Да кажеме, кај млекото. Ако ние не знаеме да најдеме некој излез, не само со забрана

на увоз, тешко ќе можеме тоа да го направиме и понекогаш и со откуп на млекото за производство на млечни производи за резервите домашното млеко ќе дојде до колеж на крави, а знаете колку е скапа работа циклично обновување на бројот на кравите дома. Или, да го напуштиме производството на млекото, но тогаш нас циклусот во земјоделството нема да ни се затвори. Ќе немаме потребни потрошувачи, како што рече овде една госпоѓа, добитокот на сточна храна кога мора да оди во кружниот тек на користењето на површините и тн.

Слично е и со виното. Виното на две години, оди белото, па потоа оди црното. Секои две години или три години вие не можете да ги менувате сортите на вино. Едноставно, не е возможно да ги искорните белите, да ги садите само црни за таа година, а потоа црните да ги искорните и само црни за две - три години. Тоа се тие вообичаени последици и тоа се решава со еден друг систем. Нормално, во други земји со систем на сопствена акумулација, со систем на поволни банкраски кредити за залихи, но се решава, да кажеме, исто така и со овие интервенции во сферата на стоковните резерви. Тоа не е непазарно однесување. Тоа е типично пазарно однесување на организиран земјоделски пазар. Тоа е надвор од другиот пазар, кој се води како посебен пазар.

Затоа, треба да се обрне внимание дали тотално да се напушти и тој критериум на функционирање на стоковните резерви или да се види дали не може дел од тие стоки времено да кажеме за одредена во некоја програма да се оди со овие среднорочни и тн., да бидат предвидени, а потоа Владата на Република Македонија кога ќе биде во тој период, до тогаш да има програма за замена, за отстранување на тие тешкотии со кои се среќаваат фирмите и тн.

Трета дилема кај мене е воведувањето на физички лица како складиштари. Мислам дека тоа е многу компликувано и многу ризично, физички лица да можат да бидат складиштари. Треба да бидат само правни лица со утврден бонитет. Секаде каде што има физички лица, или да се тоа до крај образложи, на кој случаево се мисли, какви ограничувања треба да бидат внесени, или пак тоа да се отстрани.

И за овде спорниот член 13. Треба да биде појасно. Добро, се повикува на договорот. Со тоа што некој складишта не се сопственик на резервите и резервите не влегуваат во неговата стечејна маса, дури тој и да влезе во стечај. Според тоа резервите се секогаш во сопственост на Бирото за стоковни резерви, секогаш, и кај складиштарот. Него не го фаќа тоа, нив тоа не може да ги фати, единствено при спроведувањето на стечајот ако сопственикот на складишниот простор се замени и тој намерава да го пренамени за друга цел, а не за складирање, кое можеби не му е

доходно по договорот, да бара иселување. Тогаш во согласност со одговорот, не да се издвои правото, тоа мора да е така, тоа е нивно, инаку не може да го прикаже ни во програмата, ако го дава само на складиштање, а фактички отстапил од сопственост. Тоа не може да биде така. Сопственоста е на Бирото. Треба да се види што е проблемот кај складиштарот, ако оди во стечај. Тие работи со договорот навистина треба да се уредат, но не само на збор за некое извршно право на самите ресерви, бидејќи извршното предвидува предност во стечајната маса, а тоа во стечајна маса не смее да биде. Тоа си останува во сопственост на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, колеги пратеници,

Се надевам дека нашиве дискусии ќе и помогнат на Владата да се изнајде еден добар текст на законот. Нормално тоа е прва фаза, остава простор да се искоментира.

Јас ќе бидам многу краток, не би сакал да го повторувам сето тоа што колегите досега го искажаа.

Веднаш на почетокот да кажам, дилема дали треба да се донесе законот за стоковни резерви, или не, според мене нема. Јасно е дека законот треба да се донесе. Точно е тоа што и во образложението  на овој закон го има наведено предлагачот дека подолго време, поточно од 1987 година ние нова регулатива на закони немаме. Точно е тоа дека стариот закон содржи одреднеи термини кои не кореспондираат со денешното време. И начинот на регулативата е исто така според пазарното организирано стопанство, нормално и една од главните причини поради кои треба да се донесе овој закон, исто така држат место. Сега дилемите се, од сите дискусии, па и моја дилема е дали овој закон, особено членот 3 треба да биде толку ригиден, поточно треба ли да биде толку мал опфатот на оние стоки кои ќе влезат во делот на стоквните резерви, или тој треба да биде малку поширок односно посеопфатен. Меѓутоа, ако ја читаме и макроекономската политика на Владата, па и сите оние закони кои сега ни ги предлагаат, кои доаѓаат и ќе доаѓаат, јасна е политиката на Владата дека Владата оди со намалување на расходите, поточно трошоците од Буџетот. Можеби тоа е во некоја согласност и со аранжманот на ММФ. Меѓутоа, јас сметам дека треба повеќе да се води сметка и за социјалната структура

и за нашите услови во кои живееме, а и за тоа што сепак Македонија е земјоделска земја што има доста земјоделски производи кои ја сочинуваат социјалата, односно социјалната структура на граѓаните во Република Македонија. На тој начин со стеснувањето  на производите кои влегуваат во стоковите резерви се отвора еден простор одредени производи кои досега беа третирани во делот на стоковите резерви, сега да се најдат ни горе ни долу, што значи дека може да има потрес на пазарот односно и во социјалниот сегмент кај граѓаните.

Јас сакам само да потсетам дека неоспорна е потребата од донесувањето на овој закон, неспорно е дека има и ние како пратеничка група инициравме, пред неколку месеци еден наш предлог со едно наше видување како треба да изгледа. Тогаш парламентарното мнозинство не го усвои предлогот да се донесе тој закон од причини што мислењето на Владата беше такво дека Владата била во подготовка, така што сега го гледаме овој закон што Владата го подготвувала.

Морам да кажам дека во голем дел овој закон има скоро идентични гледања со нашиот предлог, меѓутоа е доста различен.

Сега кога сме кај членот 3, еве го користам тука присуството и на министерот, макар што горе долу го знам одговорот, меѓутоа мене ме чуди зошто во членот 3 изостанува тутунот што, да се потсетиме, сеуште стратешки производ. Точно е тоа дека Владата има предлог закон за тутун каде што таму веќе тутунот не се третира како стратешки производ и сега аналагно на тој закон, веројатно и овде отпаѓа. Меѓутоа, тутунот, според сите нас, зборувам нас како политички претставници на политички партии, барем секаде каде што сме се декларирале и секаде каде што сме барале поддршка од граѓаните сме се повикувале на тоа дека тутунот е жолто злато во Република Македонија и како за такво ќе се грижиме за неговото производство и се она што подразбира околу тоа производство. Сега елиминирањето на тутунот од стоковните резерви мислам дека ќе наиде на една негативна реакција затоа што не е редок случај, поточно чест случај е, а да не речам скоро секоја година досега, Бирото за стоковни резерви секогаш правело интервенција во делот на откупот на тутунот, согласно член 25 од Законот за тутун, а согласно со тоа што сите откупувачи, откупните претпријатија во Република Македонија, или не биле во состојба, или немале доволно пари, но и еден трет услов што да речеме три години наназад, тутунопроизводството е во пораст, што значи дека имаме повеќе производство на тутун од она што можеби Владата го планирала. Тоа зборува за неколку работи. Прво зборува дека социјалната структура, поточно сиромаштијата во Република Македонија се зголемува, или невработеноста расте и

како излез за економска егзистенција граѓаните, таму каде што има услови и таму каде што се тоа декларира дури со закон, нема што друго да прават освен да се посветат на земјоделието или тутунот кој со години претставувал извор за егзистенција, особено во краевите од каде што, да речам, потекнувам јас, а не само тука туку и во струмичкиот, радовишкиот крај итн. Сега при бришењето на тутунот во делот од стоковните резерви сета работа останува од откупувачите да го регулираат тоа со тутунопроизводителите, а бидејќи сите години сме поучени дека откупот, исплатата на тутунот не одела како што требало да оди, значи постојано се ајвувале проблеми, дефицит на средства, откупени повеќе количини а нема кој да ги плати, дури се јавувале такви проблеми што предизвикувале и штрајкови итн. Секоја година тоа ни се повторува.

Со неможноста Бирото за стоковни резерви да интервенира, мое мислење е дека на пазарот во Република Македонија ќе има еден потрес во тој дел. Добро, сега Владата тоа го предлага, јас кажав, го зема она решение што го нуди новиот закон за тутун, така што аналогно на тоа овде и го брише тутунот, меѓутоа, сметам дека и во тој закон, законот за тутун, таму веќе интервенирав со амандман. Ова е прва фаза и затоа го користам првото да кажам вака. Сметам дека сепак Владата треба да подразмисли дали со ваквиот начин, значи со бришењето на тутунот од стоковните ресерви се постигнува позитивен или негативен ефект. Јас верувам дека Владата тоа го земала предвид. Меѓутоа, да не дозволиме да ни се случат потреси, особено не во делот на социјалната структура затоа што многу е лесно да се ослободиме од вишок на вработени, тоа е многу лесно да се направи, меѓутоа многу е тешко како да ги вработиме, поточно како луѓето да дојдат до егзистенција. Кога природните услови ни даваат можност и кога граѓаните барем оние кои знаат и можат, го користат, не чекајќи од никого ни социјална помош, ни нешто друго, сами да го произведуваат тутунот па и другите култури, треба да им дадеме можност, некоја гаранција зад сетоа тоа да стои. Тоа беше старо решение. Јас сметам дека може да остане и овде. Иста е состојбата и во делот на производите како шеќерот, оризот. И за нив треба да се размисли дали треба да влезат во делот на стоковите резерви.

Инаку по однос на другите членови, не би имал што посебно да додадам или да одземам, доста колеги искажаа одделни дилеми, во некој случај јас ги поддржувам, мислам дека се и конструктивни мислам дека и Министерството поточно Владата, нешто можеиб ќе прифати, нешто не, но во секој случај како дилеми верувам дека ќе ги земе предвид. Значи, уште еднаш да не должам по однос

на другото, мојата сугестија е Владата има простор, ова е прва фаза, да размисли уште еднаш дали тутунот како стратешки производ, зборувам за Република Македонија треба да останем во член 3 регулиран како дел на стоковни резерви. Значи моја сугестија е да остане и сега Владата ќе одлучува во втора фаза.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г. Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Со внимание ги слушав сите овие дискусии и стекнав впечаток дека законот треба да го промениме затоа што терминолошки не одговара и затоа што не наликува на пазарната економија.

Кога ќе погледнеме дека овој закон 17 години живеел и тоа 15 години во суверена независна Македонија која ја прогласивме за држава со пазарна економија, тоа значи дека терминолошки ништо не ни сметало досега. Законот функционираше. Нормално е сега кога носиме нов закон, да измениме некои термини. Меѓутоа и тој закон од 1987 година базираше на пазарна економија. Големи се заблудите кај оние што мислат дека ние денес имаме пазарна економија, а дека она време, поготово после 80-тите години сме имале исклучиво планска економија, диригирана економија. Ни во светот нема исклучиво заразна економија. Секој пат се присутни елементи на планирана економија, само е значајно тоа која економија превладува. Во нашиот случај и тогаш доминираше пазарната економија. Ние бевме отворен пазар со понуда и побарувачка, мпожеби со поголеми елементи на заштита на пазарот. Според тоа, не е причината ни едното ни другото, туку треба да се донесе закон кој ќе има повеќе функции, не само функцијата за која се зборува овде во случај на елементарни непогоди, војни итн, да се има резерви кои ќе ги покријат потребите на населението, неговата највачна функција. На секој закон за стоковни резерви, е да го регулира пазарот и економијата на поширок план.

Јас овде ќе бев многу задоволен ако ние, барем во образложението имавме можност да прочитаме, улогата, намената, значењето и високите дострели кои се постигнаа во економијата на САД со огромната и најзначајната институција стоковните резерви во Америка. Таму практично во стоковните резерви нема стока која не е предивдена, почнувајќи од метали, барак, околo, цинк, алуминиум, платина,

злато итн, да не набројувам, тие се по целиот Менделеев систем, па завршувајќи со производите од агроиндстријата, примарното производство итн. која улога на стоковните резерви беше за силниот развој и на земјоделието и на индустријата и другите делови на економијата. Ако ги имавте тие сознанија, нормално ние да не можеме да зборуваме за едни такви стоковни резерви имајќи ја во предвид нашата економска моќ, тогаш ние ќе дојдевме до заклучаок дека овој закон мора да биде важен елеменат економскиот развој на државата, стратешкиот развој на производите во државата во сите домени и делувањето на стоковните ресерви е само кога нема доволно стока на пазарот, туку и кога има доволно стока да се регулира тој пазар, особено за витални, значајни производи во државата.

Ако така тоа ние го сватиме, тогаш стоковните резерви се многу значен фактор во развојот на економијата во земјата. И јас би молел во таа насока, имајќи го предвид министерот за економија кому, барем до сега, онака како сме биле во парламентот, фактот дека е значаен ефектот за развој на економијата, да во тој дел во втората фаза се разработи.

Четврт елемент на кој што сакам да укажам, а што праксата го потврди тоа се големите злоупотреби, криминалот, корупцијата, недозволените влијанија преку Фондот,  преку стоковните резерви. Ние, само пред година дена имавме крупна злоупотреба во увозот на нафта. Значи, тој дел, мора многу прецозно да се разработи, да се спречат такви злоупотреби. Не треба да се одземат правата од Парламентот, особено правото што треба да се вгради во законот да Парламентот добива извештај од стоковите резерви барем на шест месеци, да ги тука расправа. Во голема мера треба да се дефинираат таквите мерки во законот кои што ќе ја спречат корупцијата, криминалот, ќе спречат работи што водат кон збогатување на поединци.

Исто така, тој што сака да биде складиштер на стоковните резерви, стоковните резерви мора да се обезбедат со банчани гаранции, со хипотеки, итн., со сигурни извори на средства што утре ќе и наплатат. Тука постојат системи, начини, форми и методи и тоа треба да се регулира.

Мислам дека предвидените стоки за државни резерви се во мал обем. Сметам дека во овој список мора и треба да се најдат резервите на жива стока, особено на травопасните животни кои практично претставуваат богатство на оваа земја и кои практично ги користат природните богатства на државата, кои се распространети низ целата територија на државата, што игра значајна улога во развојот на сточарството.Тука не инсистирам толку на фармерското производство, колку на ова,

што е распространето на огромен дел на територијата, и кое што има зтратешко значење особено за народната одбрана. Мислам дека некои производи за кои што тука се зборуваше, мора да најдат место, сеуште во овој закон. Тоа е оризот. Оризот кој е сконцентриран на еден дел од државата и кој веќе може да се стекне со одреден брендт. Поаѓајќи од тоа дека има изворнредни почвљени услови, поаѓајќи од тоа дека се наводнува со извонредно чиста вода и поаѓајќи од тоа има доволно сончеви денови, се произведува еден исклучително квалитетен ориз што може да се стекне со посебна марка. Таквото производство мора да се поддржува.

Исто така мислам дека во овој дел каде што се предвидени поедини артикли, како што се пченката, како стоковна резерва, мора да се обезбеди сопствено производство како прва или втора култура. Не можеме ние да држиме стоковни резерви под нечие туѓо производство, да увезуваме пченка од Америка или други земји и  да држиме стокови резерви. Во стоковите резерви, може би не во овој обем како што било досега, мора да најде свое место и шеќерот. Тоа е значаен артикл наменет за вакви услови, какви што се предвидуваат во стоковите резерви. Тука е и зејтинот, но исто така, ако е наша стратешка култура, тутунот, за тоа мора длабоко да се размисли. Уште колку ние со тутун ќе се занимаваме, како ќе го развиеме тоа производство, како ќе го искомбинираме со преработката итн., и, ако го вградиме елементот на стоковите резерви и развојниот елемент, што мислам дека мора да се направи, тогаш и тој артикл мора да го најде своето место.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи ниој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок.

Почитувани колеги, пред да го прочитам записникот јас би ги повикала сите колеги пратеници, кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласањето.

Истовремено ги молам службите да ги повикаат претставниците од Комисијата за економија, договорени сме да бидат повикани за да помогнат во гласањето, да учествуваат во гласањето.

Уште еднаш ги молам сите колеги пратеници, кои се наоѓаат во Собраниево да влезат во салава, фалат уште неколкумина.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците во салата)

Јас ги молам колегите уште 4 колеги, па ќе го постигнеме кворумот. Ако може да помогнат координаторите.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата. Мислам дека сме тука некаде блиску.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Во ред, колеги, имаме кворум, 61 пратеник.

Дозволете ми да го прочитам заклучокот:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за стокови резерви.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите од работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, гласале сите 63 пратеници. 62 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 26 - Предлог за донесување на закон за оружје**.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи г-динот Хазби Лика.

ХАЗБИ ЛИКА:

Почитувани пратеници, почитувана потпретседателке

Во легислативата на Република Македонија набавувањето, поседувањето и носењето на оружје се уредува со Законот за набавување поседување и носење на оружје, кој закон е од 1972 година и се применува во текот на изминатите до 2003

година. Одредбите на овој закон не се доволно прецизни и некореспондираат со меѓународните инструменти и законодавствата на земјите на ЕУ, а нивната практична примена предизвикува тешкотии во функционирањето на надлежните државни органи.

Негативниот тренд на пораст на криминалитетот во Република Македонија, вклучувајќи го и недозволеното држење на оружје и распрскувачки материи и евидентната експанзија на бројот на извршени кривични дела, со елементи на насилство извршени со употреба на огнено оружје, што сторителите нелегално го поседуваат ја детерминираат подготвеноста на политичката волја за мобилизирање на сите контролни механизми и зголемување на нивната ефикасност во превенцијата и сузбивање на криминалитетот.

Од тие причини се наметна потребата од доградување и унапредување на легислативата со донесување на закон за оружје, во кој што ќе бидат имплементирани меѓународните стандарди но и компаративните искуства на западноевропските земји што се однесува на контрола на оружјето, поради што предлагаме Собранието на Република Македонија да го донесе овој закон.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, г-дине заменик министре.

Прв за збор се јави г-динот Благој Голомеев.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Благодарам, г-ѓа потпретседател, колеги пратеници,

Пред нас имаме Предлог за донесување на закон за оружје. Во напорите на Владата за справување со големото количество на нелегално оружје, присутни во Република Македонија, што е прижина за најголемиот дел на кривични дела, скоро сите кривични деликти, во кои се употребува или е употребено оружјето се извршени со нелегално оружје.

Пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за оружје. Добро е што еден вака значаен законски проект, впрочем како и претходнот, се донесува во повеќе фази. Тоа ќе овозможи подобрување, според мене, исклучително добро концпираната Предлог-верзија што се наоѓа пред нас и што денеска ја разгледуваме.

Донесувањето на овој закон ќе претставува чекор напред во ефикасно и комплетно регулирање на една значајна сфера што го опфаќа производството,

прометот, набавувањето и поседувањето на оружје, во ситуација кога имаме негативен тренд на пораст на криминалитетот во Република Македонија.Вклучувајќи го и недозволеното држење на оружје и евидентната екпанзија на кривични дела извршена со употреба на оружје што сторителот нелегално го поседува.

Сигурно дека овој предлог за донесување на закон за оружје не е осамен обид на МВР и на Владаа на Република Македонија за воспоставување контрола во оваа сфера. Само за потсетување, во оваа насока беше и спроведената акција за доброволно предавање на нелегалното оружје, што споредена со сличните такви акции во соседните земји и останатите земји на овој невралгичен Балкан, може слободно да се оцени како солидна.

Потоа, во оваа насока беа измените и заострувањето на казните за нелегално поседување на оружје во Кривичниот законик, како и измените во Законот за набавување, поседување и носење на оружје. Токму и недоволно прецизните одредби од послендиот споменат закон што некореспондираат со законодавствата на земјите од ЕУ, и предизвикуваат тешкотии во нивната практична примена се главниот мотив за донесување на нов закон за оружје со кој што поефикасен и покомплексен начин ќе се регулира оваа материја.

Овој закон треба да биде и е во функција на реализација на заложбите на Советот на Европа за хармонизација на националните законодавства за набавување и поседување на огнено оружје и воведување на ефикасна регулатива за промет со оружје, со цел за поефикасно и поефективна борба против тероризмот и криминалот кој во денешно време ги надминуваат локалните и регионалните рамки и претставуваатглобален проблем.

Затоа е потребна и неопходна глобална односно широка акција за нивно сузбивање.

Имајќи го сето ова во предвид, слободно може да се каже дека овој закон што се наоѓа пред нас концепциски оди во правец на хармонизација на националното законодавство со корпусот на меѓународните инструменти и легислатива на западно европските земји по прашањето за контрола на оружјето, а тоа е во духот на нашата стратешка определба за полноправно членство во ЕУ.

Инаку, предложениот законски проект е поделен во 13 тематски целини односно глави што ја покажува целата негова комплексност и сериозниот пристап кон регулирање на оваа материја.

Во комисиските расправи посебно на Комисијата за одбрана и безбедност како матична Комисија најмногу внимание, а според тоа и сугестии беа дадени во

делот во набавувањето и поседувањето на оружје и тоа во правец на попрецизно дефинирање на одделни поими се со цел да се избегнат можните импровизации при неговото спроведување и да се мотивираат луѓето да не се стават во позиција да држат односоно поседуваат нелегално оружје.

Во интерес на времето, не би сакал да ги цитирам предложените измени од страна на Комисијата за одбрана и безбедност, бидејќи тие во вид на записник се доставени до сите пратеници, а исто така до предлагачот односно министерот за внатрешни работи и по нив предлагачот ќе може да се изјасни и да му послужат како можност за подобрување на текстот на овој закон.

Меѓутоа, би сугерирал до предлагачот во наредните фази сериозно да ти земе во предвид мислењата и сугестиите од страна на релевантни институции и здруженија како што е Здружението на ловните друштва се со цел да се добие еден ефикасен и применлив во пракса закон кој сигурно регулира една значајна сфера.

Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи Предлогот за донесување на законот за оружје и се надеваме дека во наредните фази ќе добиеме еден квлаитетен закон кој ќе ја регулира оваа материја.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има Г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас како член на Комисијата за одбрана и безбедност би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон. Имено, како прво, со оглед на тоа што на седницата на Комисијата за одбрана и безбедност беа претставници на МВР, сега на оваа седница не слушнав нивно мислење по однос на Извештајот на Комисијата или забелешките, мислењата и предлозите кои ги даде Комисијата за одбрана и безбедност.

Што се однесува до законот, во причините за донесувањето на овој закон, со оглед на тоа што овој закон своите корени ги влече од 1972 година, со измени во 1976, 1983, 1988 и последните во 2003 година. Значи, се работи за еден закон кој е многу стар и како основни причини во материјалот за донесување на овој нов закон за оружје се наметнуваат две причини, а тоа е одредбите од овој закон кој сега го донесуваме на постојниот Закон да се усогласат со меѓународните инструменти и законодавствата на земјите од ЕУ и нивна практична  примена.

Втората причина поради која се донесува овој закон е се вели негативниот тренд на порастот на криминалот во Република Македонија вклучувајќи го и недозволеното држење на оружје и расприскувачки материјал и евидентна експанзија на бројот на извршените кривични дела со елементи на насилство.

Значи, ова се двете причини поради кои се донесува овој закон и сметам дека држат овие две причини, меѓутоа, гледајќи ја содржината на законот сметам дека тие не се доволно вградени во овој закон.

Имено, ќе почнам од втората причина, како што се вели од порастот на криминалот во Република Македонија . Значи, ние како пратеничка група и на Комисијата и вака во останатите закони кои се однесуваа од оваа сфера често сме напоменувале дека порастот на криминалот во Република Македонија , процентот на порастот не се должи на поседувањето на легалното оружје или причината за порастот воопшто не е во легалното оружје.

Ние знаеме дека во Република Македонија во последните 14 години, со оглед на кризите кои настанаа на Балканот околу 120 до 140 илјади парчиња оружје се внесени во Република Македонија . Проблемот доаѓа од тоа оружје, а не од оружјето кое граѓаните легално го поседуваат во Република Македонија. Тие што го поседуваат оваа количина на оружје од 120 до 140 илјади тие можат да ги загрозат институциите и самиот систем во Република Македонија, а не граѓаните кои го поседуваат легалното оружје.

Значи, ние со овој закон практично како што е формулиран, сметам дека е многу ригиден и многу рестриктивен. Дури има големо дискреционо право од страна на МВР што сметам дека воопшто не е во согласност со директивите на ЕУ.

Исто така имаме забелешки и од националната асоцијација за оружје и од голем број невладини организации кои сакаат да се вклучат во донесувањето на овој закон се со цел овој закон да биде поиздржан и подостапен до граѓаните, значи да биде посоодветен на состојбите во Република Македонија и воедно да биде што повеќе усогласен со директивите на ЕУ.

Ќе наведам неколку причини кои сметам дека не се во согласност со директивата за оружје 477/91 од ЕУ, а тоа е во член 4 став 8 и 9 за гасното и ладното оружје ставено е во групата на забтането оружје. Ова е спротивно на Европските регулативи, бидејќи во сите земји на ЕУ ова оружје е на слободна продажба вклучително Бугарија и Грција, пошироко како земја и во Унгарија и Полска.

Ваков е случајот и со воздушното оружје. Ако веќе зборуваме за усогласување со ЕУ во тој случај би требало да се усогласуваме комплетно или доколку не се

усогласуваме во одредени делови, исто така треба да кажеме кои се тие делови и поради кои причини во моментот поради состојбите во Република Македонија нема да се усогласиме со нив.

Сепак се работи за закон кој треба да претрпи големи измени со оглед на тоа што ова е прва фаза, се надевам дека МВР ќе направи поширока консултација и во втората фаза ќе бидат земени предвид сите оние забелешки кои се  доставени и од Националната асоцијација за оружје и од невладините организации и од политичките партии како во комисиите така и надвор од комисиите се со цел да имаме закон кој ќе биде поблиску до ЕУ и кој ќе одговара на состојбите во Република Македонија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-ѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме Предлог за донесување на еден исклучително важен, комплексен и нов закон, тоа е законот за оружје, а за потребата, итноста односно неопходноста од донесување на овој закон добро се сеќаваме сите колеги пратеници беше укажано на повеќе наврати како од пратеници од опозицијата така и од нашите колеги од позицијата. Тоа го потенциравме сите дискутанти при донесувањето на измените на постојниот закон за набавување поседување и носење на оружје уште во 2003 година.

На самиот почеток од мојата дискусија би сакала да укажам дека ќе оставам доволен простор за елаборација по стручниот дел од законот за поупатените во оваа проблематика. Јас, покрај своите видувања, ќе изнесам некои видувања, забелешки и сугестии на докажани експерти од оваа област, се разбира, ќе ги изоставам сите забелешки за кои добив одговор од претставникот на Владата на сесијата на Комисијата за одбрана и безбедност.

Политиката за национална безбедност претставува сложен и меѓусебен збир на мерки, активности, планови, програми кои ги презема Република Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на Република Македонија и нејзините граѓани во согласност на расположивите ресурси и со активна соработка со Меѓународната заедница.

За остварување на оваа наша зацртана долгорочна цел неопходни се низа мерки и активности во смисла на одржување и унапредување на нивото на подготвеност на органите на државната власт. Усогласување на прописите, правилата и процедурите за навермена координација, како и заради ефикасен навремен и соодветен одговор на безбедносните ризици и опасности.

Во националната концепција за одбрана и безбедност на Република Македонија постои едно доста интересно поглавје, ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија каде од наведените безбедносни ризици дозволете ми да ги посочам оние кои сметам дека го наметнуваат донесувањето на овој закон како неопходно.

Поседување на големи количини на илегално оружје.

Транзициони проблеми, тука се корупција, урбан тероризам, тешкиот криминал вклучувајќи уцени, рекетирања, убиства и напади врз сопственоста на граѓаните, економски криминал, даночна евазија, проблеми во функционирањето на судството, социјални проблеми, како и деградација и уништување на животната средина.

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување на овој закон ја манифестира подготвеноста и полтичката волја на оваа власт за покренување на ефикасни контролни механизми и инструменти за превенција и сузбивање на криминалитетот во нашата држава.

Законот, ќе се согласиме сите, ќе биде основен алат и инструмент на располагање на носителите, на учесниците во власта во остварувањето на безбедносната политика. Неможе да се изостави, а да не се каже дека стратешка определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во ЕУ имплицира потреба од хармонизација на националното законодавство со Европското по прашањето на контрола на оружјето со легислативата со ЕУ особено на Западно-европските земји и меѓународните инструменти.

Во овој законски предлог, како што стои во образложението имплементирани се меѓународните стандарди од повеќе препораки и директиви кои ни се дадени во образложението и сметам дека нема потреба да ги цитирам.

Во овој законски проект инкорпорирани се компаративни искуства од повеќе држави како што се Словенија, Хрватска, Англија, Италија, Швајцарија, Германија и др. но прилагодени на наши македонски специфики.

Содржински законот за оружје поседува 13 тенатски целини односно 75 члена што зборува за обемен и сложен закон. Да не заборавиме дека законот мора да биде прецизен, потполн и квалитетен за што имаме должност сите да придонесеме.

Во натамошниот тек на мојата дискусија ќе изнесам одредени дилеми на некои позиции на Предлог законот како и размислувања и сугестии и како што кажав ќе ги изоставам сите оние за кои веќе добив одговор.

Во членот 3 каде се дефинирани одделни изрази, односно поими кои се употребуваат во овој закон, мојата забелешка е во делот каде стои гасно оружје односно негативна детерминација на поимот гасно оружје.

Имено, како оружје во смисла на овој закон не се сметаат направи кои распрскуваат или исфрлаат надразлив гас кој има краткотрајно дејство по здравјето на луѓето, а се исклучиво наменети за самоодбрана. Сметам дека овој став е дискутабилен, бидејќи се она што може да се употреби за самоодбрана може да се употреби и за напад.

Според тоа, или треба законодавецот да прецизира што спаѓа под гасно оружје или овој став да се избрише. Вака неприцизирано што не е гасно оружје остава само простор за манипулација во практичната примена на законот.

Понатаму, извршена е класификација на оружјето во 4 категории А,Б,С,Д. Впечатливо е дека на правните лица им се даваат поголеми овластувања што е содржано во член 4 категорија С каде во 4 позиции е наведено оружјето што врз основа на одобрени може да го набавуваат правни лица . Со исклучок на точка 2 од категорија С предлагачот треба да прецизира кое е тоа оружје по точките 1, 3 и 4 . Во насока на прецизност на Предлогот на законот сметам дека категорија В треба да се однесува на физички лица, а во категорија С да стои дека покрај сите видови на оружје од категорија В на правните лица им се дозволува да го набавуваат и оружјето во точките од 1 до 4, но повторувам, сето тоа треба да биде прецизирано . Иако сосема ни е јасно на оние што го имаме прочитано законот дека е предвидено за доследна примена на оваа класификација министерот за внатрешни работи ќе донесе национален каталог на оружје и муниција кое може да се произведува или увезува односно набавува или поседува.

Понатаму, уставните гаранции за неприкосновеност на животот и физичкиот интегритет на човекот и правната заштита на сопственоста се регулирани во членот 8 со можност за издавање на одобрение за набавување на оружје за физички лица заради заштита на нивната личност и имот за лов, спортско стрелаштво на правни лица кои се регистрирани за обезбедување на имот и лица.

Во склоп на нормативното уредување на контролата на набавување на оружје едно од есенцијалните односно суштински прашања се условите што треба да ги исполнува физичкото лице за издавање на одобрение за набавување на оружје, што е регулирано во členовите од 9 до 15.

Морам да признам дека на овој дел му посветив најмногу внимание се со цел законот да биде максимално прецизен, доволно либерален затоа што верувајте никогаш неможат да ми избегаат сите итни случаи што ги имав токму поради несовесно однесување или однесување на лица кои не треба да поседуваат оружје, а се загрозени сите невини граѓани на улица.

Во член 9 стои дека на целата процедура за добивање одобрение за набавување на оружје отпочнува со претходно лично поднесување на барање.

Во членот 10 стои дека се потврдува со потврда издадена од Центарот за социјални работи или од друг надлежен орган. Физичкото лице докажува дека не му е одземена и ограничена деловната способност.

Сметам дека предлагачот треба да прецизира што подразбира под друг надлежен орган и убедена сум дека е тоа мнногу битно и од истото произлегува голема одговорност.

Во членот 12 е предвидено да се утврди дали постојат дуги околности кои укажуваат дека оружјето може да биде злоупотребено и овде се мисли на прекумерно конзумирање на алкохол, употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции, потешко нарушување на односите во семејството или на работното место, повреди на прописите на ловство и сл.

Мојата дилема е кој го дава мислењето за постоење на други околности и чие мислење е меродавно. Можеби е доволно да се додаде еден нов став во кој ќе стои дека МВР е надлежно за вршење на проверка на наводите од член 12, а лично сметам дека треба да стои од страна на овластено лице од МВР се врши проверка на евиденциите на надлежните институции, а овде мислам на здравствените установи, центри за лекување на болести на зависност, центри за социјални грижи и слични установи.

Понатаму, во член 13, според мене, не е прецизирано кои се тие оправдани причини и кој ги утврдува. Дали се мисли на љубители, колекционери на оружје и сл.

Понатаму, сметам дека не е добра практика обуката односно практичното оспособување да ја врши правното лице кое продава оружје.

Затоа што тоа се сведуваше, почитувани претставници на Владата, на пет минути обука, следеше издавање и на потврда и сметам дека тоа претставува

своевиден ризик. Според мене, обуката треба да ја врши овластено лице од МВР, а за ракување со ловечко оружје, според потребите, од страна на МВР може да се организира и групно практично оспособување, а може и поединечна обука. Затоа ценам дека ова е битен момент од регулативата, а одговорноста и стручноста на лице вработено во МВР не може да се спореди со одговорност на лице што продава оружје.

Програмата што треба да ја пропише министерот за внатрешни работи, согласно член 14 став 9, според експертите од оваа област, треба да содржи и контрола и проверка на исправноста на оружјето. Тоа е нов момент - контрола на исправноста на оружјето и да се утврди временски рок во кој ќе се врши контрола на исправноста на оружјето и на прописите на употребата. Овде се мисли барем на еднаш годишно со проби, гаѓате во мета и сл.

Во целина се согласувам со одредбите во член 72 и ги ценам како најсериозен пристап кон оваа проблематика, односно контролата на оружјето од страна на МВР, кое ќе бара многу енергија, труд и време, но ја манифестира и нашата одговорност и залагање да бидеме гарант за безбедноста на граѓаните на Република Македонија. Овде се надевам дека не задржав многу време, но ќе прочитам одговор на едно пратеничко прашање на наш колега, каде стои: “Во периодот од 1999 до 2002 година на подрачјето на Република Македонија се издадени 21.816 одобренија за набавување оружје и од наведениот број 19% односно 4.212 се незаконски издадени, односно 2.425 се издадени на лица кои минуваат во казнени евиденции на Министерството и 1.787 одобренија се издадени спротивно на законската постапка. Затоа, сметам дека членот 72 практично ќе биде ревизија на сегашната состојба со оружјето во Република Македонија.

Сосема на крај, неодамна беше промовиран Полицискиот кодекс. Би сакала да сугерирам на претставниците на Владата да размислат за идејата за изработка на кодекс или ако сакате цивилен кодекс, кој ќе се врачува на секое лице кое има одобрение за набавување оружје, а ќе биде изработен согласно овој закон, на сосема едноставен и достапен начин треба да се укаже на секој поединец кој поседува оружје или е овластен да носи оружје од страна на правно лице кои се неговите права и обврски, затоа што сметам и сите ќе се согласиме со тоа дека тоа е само една капка во едно море на вредности и норми што ги нарековме нов општествен кодекс на норми, кој треба да почнеме да го градиме за да го имаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа пратеници, претставници на Министерството за внатрешни работи,

Ова е прво читање на законот и сигурно дека сите дискусии би воделе кон подобрување на нормативниот дел од текстот, со што постои добро расположение и кај МВР дека ќе се уважат сите конструктивни дискусии и забелешки, но текстот на Предлогот за донесување на закон нужно треба да се подобри, со оглед на фактот што тежнееме кон усогласување со европското законодавство и компаративните искуства на државите кои веќе имаат донесено вакви закони што функционираат. Би требало да ги испегламе сите недоречености и во втората фаза од донесувањето на законот да излеземе со еден подобар и прочистен текст.

Сигурно дека внимание заслужува во нормативниот дел на самиот текст Националниот каталог на оружје и муниција, што значи национална листа на муниција која може да се произведува или увезува, односно набавува и поседува врз основа на одобрение, кое го содржи регистерскиот број на уписот, видот, марката, калибарот на оружје, муницијата, начинот на производството и земјата од која се увезува.

Посебно внимание треба да се обрне на делот што се однесува на лекарски преглед за утврдување на здравствената состојба за поседување и носење оружје, издавање на лекарското уверение, листа на болести, здравствена состојба што го прави лицето неспособно за поседување и носење оружје. Сигурно дека мора да се спомене и начинот за спроведување на практичното оспособување со ракување со оружје. Тука во делот на она што значат минимални технички услови што треба да ги исполнуваат објектите во кои се врши производство, промет и склад на оружје и муниција, и она што претставува посебна проблематика кај обичните граѓани, каде треба законодавецот да посвети големо внимание, што значи одобрение за набавка на оружје, делови за оружје и муниција, дозвола за оружје, дозвола за поседување на оружје, дозвола за носење на оружје, одобрение за производство, правење, промет или производство на оружје и муниција, потврда за поседување оружје, основање на стрелиште и начинот на водење на евиденција на оружје и муниција.

Законодавецот мора да посвети посебно внимание во членот 58 од законот кај категоријата стрелачки и ловни друштва. Генералната забелешка се однесува на членот 7 став 4, каде се дава ограничување на бројот на куршуми за олучни цевки најмногу до 50 куршуми и за ловечко оружје со олучни цевки најмногу до 100

куршуми, бидејќи на тој начин граѓаните ќе бидат стимулирани да прават односно самите да произведуваат оружје, што претставува голем ризик како за тие што го прават така и за останатите. Зборувам за ловното оружје. На ова реагираат и сите членови во ловните друштва и во стрелачките сојузи, затоа што мора да има поголема либерализација во тој дел. Имено, од практичните реакции на ловечките друштва, во делот на прелетниот лов во летната сезона 100 куршуми луѓето користат за еден ден, што значи законодавецот мора да размисли за зголемување на бројот или да направи категорија за летен и зимски лов, одстрел на ситен и крупен дивеч. Мора да има некоја формулација и подобрување во тој дел. Вака како што е дадена формулацијата, таа е многу селективна во поглед на она што се користи во дадениот момент кај ловните друштва и ловците во Република Македонија.

Посебно во членот 20 да се преиспита предложениот рок за давање на дозвола во траење од пет години, рок за поседување на оружје со рокот на важење од две години, по чие истекување може да биде предложено нејзиното важење на имателот со писмено барање до надлежниот орган, најдоцна два месеци пред истекот на рокот. Мислам дека овие проверки ќе ги направиме, тие што поседуваат оружје да ги направиме како Џемс Бонд, секој ден ќе полагаат стручни испити. На акцијата за собирање на оружје дадовме позитивна оценка, н тогаш рековме ако се предаде едно илегално оружје ќе добие позитивна оценка, но не е така. Знаеме дека Македонија е на Балканот, а Балканот се вбројува во ризичните региони, каде илегално се поседува оружје во фрапантни бројки. Се спомнуваат 500 до милион парчиња илегално оружје. Акцијата што ја направивме ја направивме со цел да се легализира оружјето, што е позитивно оценето, затоа што искуствата зборуваат дека криминалните дејствија, поседување оружје и убиство се 90% од оружјето што е на пазарот или во промет како илегално оружје. Има такви случаи и кај регистрираното оружје, но поголемиот број се однесува на илегалното. Зборувам за делот што значи давање и издавање дозволи и уверенија да не биде ставено дозволите да бидат поскапи од вредноста на самото оружје, затоа што во стартот ќе ги стимулираме граѓаните кои се љубители по традиција на илегален начин да поседуваат нелегално оружје. Ако дозволата чини повеќе од вредноста на едно парче оружје, граѓаните ќе размислат дали сакаме и можеме да купиме оружје, односно полесно ќе ни биде да го купиме оружјето за да не плаќаме поголема цена. Затоа, законодавецот мора да размисли во контекст на ова.

На самиот крај да кажам нешто практично што ќе се случува. Донесовме закон, но во практиката се случува на најголем удар да бидат таксистите. Зборувам практично, рековме дека оружје не може да се носи и со ова што го зборувам можеби ја оптоваруваме јавноста и пратениците, но законодавецот ова мора да го изрегулира. Возачот на такси возило во самото возило носи оружје. Знаат дека тој носи оружје и ако се тргнал од возилото, тој е на удар да му го ограбат возилото, да го скршат прозорот и да му се земе оружјето. Ако таксистот оружјето го стави на ременот и отиде до ВЦ, но полицијата ако му направи рутинска контрола, тогаш тој ќе биде казнет, а казните се огромни, од 30 до 300 илјади денари. Затоа, со законот што го донесуваме дека носењето на оружјето е забрането и може да се носи само во објектите каде што се корисниците на оружјето или во автомобилите, но сега имаме таков случај за лица криминалци или лица кои се послободни влегуваат во јавен објект, само тие носат оружје и никој друг, а тој е доминантен и сигурен дека може да владее со кафеана, на улица и тн. И тука треба да размисли законодавецот, без оглед дали оваа материја ја третира или не, тоа се укажувања за да се види што може да направи законодавецот. Во секој случај ваков законски проект е потребен. Искуствата покажуваат дека е функционален овој закон во многу европски држави и на Министерството му препорачуваме сите овие забелешки да ги инкорпорира, за да добиеме подобар и пречистен текст во втората фаза од донесувањето на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, дами и господа, претставници на Владата,

Законот за оружје разбуди интерес не само кај нас пратениците, туку и кај голем број организации и тоа спортски стрелачки клубови, Македонската спортска стрелачка организација, Градскиот стрелачки сојуз - Скопје, Федерацијата за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија. Понтаму кај огромен број на ловечки друштва и трговски друштва кои се занимаваат со продажба на оружје. Токму заради тоа, тие поднесоа едно свое видување, предлог до Владата на Република Македонија кој треба навистина сериозно да биде разгледан, бидејќи доаѓа од институции кои навистина се компетентни и кои се заинтересирани да биде регулирана онака како што треба оваа законска област. Тие бараат повлекување на Предлогот за донесување на закон за оружје од собраниска процедура, сметајќи

дека има огромен број на грешки, недоследности и дека не се консултирани. Во нивното образложение тие сметаат дека целокупниот процес на создавање на законот за оружје е воден нетранспарентно и надвор од јавноста и без никакви консултации со заинтересираните или релевантни законски здруженија, како и други правни лица, исто така, и домашните и меѓуародните експерти кои се познавачи на оваа проблеатика, понатаму научните институции и сл. Образложението кое било дадено од претставниците на МВР, на заедничкиот состанок одржан на 14.04.2004 година, дека од нивна страна е побарано мислење и се правени консултации со Ловечката федерација на Македонија, било едногласно отфрлено од сите присутни претставници, бидејќи за нив Ловечката федерација на Македонија, која произлегла од некогашниот Ловечки сојуз на Македонија, не е релевантен репрезент ниту на ловечките друштва и во никој случај не може да ги претставува ставовите на 160 илјади сопственици на легално огнено оружје во Република Македонија пред државните институции.

Иако новините во Законот за оружје, со кои се уредуваат прашањата на релацијата граѓани-оружје кое може да го користат за спорт, лов и нивна самозаштита, побудува широк интерес кај граѓаните и нивните здруженија и другите правни лица, тие не се пошироко запознати со предвидените решенија во Предлогот за донесување на закон за оружје преку промоција, јавна трибина, тркалезна маса или состанок, организиран од страна на предлагачот на овој закон, за да можат да ги презентираат своите мислења.

Овие граѓански здруженија, правни лица, како и самите граѓани кои беа запознати со содржината на текстот на Предлогот за донесување на закон за оружје, откако овој закон беше официјално предложен во Парламентот за разгледување, тие сметаат дека цело време биле држени надвор од овој процес и немале никаква можност да ги презентираат своите мислења, а камо ли да влијаат на креацијата на текстот на законот.

Едно од прашањата кое бараат да биде одговорено, а веќе слушнавме од колегите пратеници и јас се придружувам кон тоа, за да може навистина за овој предлог да знаеме од што произлегува, какви се согледувањата и анализите за да можат да се дадат овие решенија кои се дадени, сметаме дека еден од најважните податоци кои треба да ги имаме е колку криминални инциденти се извршени со легално оружје, а колку со нелегално оружје. Потоа податоци и анализи кои ќе дадат одговор на прашањето дали инцидентите со огнено оружје се рамномерно распоредени на целата територија на Република Македонија или се

карактеристични за одредени градови и региони. Потоа, кои типови на огнено или ладно оружје најчесто се употребувани во инцидентот. Исто така, не се прикажани ни компаративните анализи и податоците за состојбите во земјите од соседството и земјите од Европската Унија, за да се добие споредбена слика каде се наоѓа Република Македонија во однос на соседните држави, како и во однос на земјите членки на Европската унија. Не се објавуваат јавно ниту пак информациите колку инциденти има со спортско или ловечко оружје не само во последната година, туку во сите пет децении station наназад, бидејќи според кажувањата на претставниците на ловечките и спортските здруженија во спортското стрелаштво за период од 50 години не се случил ни еден инцидент, а во ловството за сите овие 50 години инцидентите можат да се избројат на прсти.

Сите овие податоци се важни за да може да се лоцира основниот проблем, а тоа е дали проблемите доаѓаат од легалното оружје кое го поседуваат граѓаните за лов, спорт, колекционерство и лична самозаштита, или проблемите ги создава нелегалното оружје што го поседува дел од граѓаните и кое е наменето дури и за воена употреба, кое патем речено е забрането за цивилно население. Податоци и анализи кои ќе дадат одговор на горе поставеното прашање се посебно важни во градењето решение во новиот закон за оружје во вистинска насока, за да не се доведеме во ситуација да решаваме проблеми таму каде што ги нема, а да ги прескокнуваме и заобиколуваме таму каде што ги има и каде што можат да станат уште потешки.

Неподелено е мислењето дека ситуацијата во спортското стрелаштво во Република Македонија е извонредно тешка. Во овој момент во спортските клубови во Македонија има помалку од 70 спортски стрелци и со донесувањето на законот за оружје со ригидни решенија ситуацијата во спортското стрелаштво ќе стане уште потешка, со тенденција целосно да изумре како спортска дисциплина.

Во ловството ситуацијата е слична. Општо прифатено е и мислењето дека директивата 477/91 на Европската Унија во владиниот предлог-закон парцијално се имплементира и од неа се земаат само оние делови кои креаторите на овој закон мислат дека им одговараат, додека оние делови од директивата кои сметаат дека не им се по мерка или воопшто не се земаат предвид или погрешно се толкуваат. Тоа е неприфатлива ситуација и се придонесува за создавање чудни и контрадикторни решенија во самиот Предлог за донесување закон за оружје.

Со тоа се добива Предлог закон кој спореден со законите на земјите на ЕУ, посебно во делот на правата на граѓаните кои се врзани за оваа област и демократичноста на решенијата, нема многу заеднички допирни точки.

Предлог законот за оружје на Владата има и елементи на ригидност во себе , така да не само што нема да ги реши криминалните деликти кои што се вршат сооружје, туку ќе наесе и штета на ловот најпрвин како стопанска гранка и стрелаштвото како спорт, а исто така реално може да ја зголеми најважното од се нелегалната трговија со оружје, бидејки се она што во европските држави и во некои соседни држави е дозволено да се набави во слободна продажба за граѓанинот на Македонија му е законски забрането. Ова секако ќе имоди во прилог само на нелегалните трговци со оружје, бидејки лесно овие типови на оружје можат да ги набават во земјите членки на ЕУ, или пак во соседните земји со прошверцување во Македонија, да го продаваат а малолетни лица, како и на лица за кои што не се води евиденција за имињата и регистрацијата на оружјето во МВР, без притоа да платат данок, со што се стекнуваат со незаконска материјална добивка. Пример за тоа е воздушното оружје, гасното оружје, ладното оружје, петардите и разните пиротехнички средства наменети за прослати, реплики на старо оружје, електрични направи за онеспособување, ЦЕС и ЦН спрејови за онеспособување и се она што и сега може да се најде во наводници би кажал на слободна продажба на пазарите во Македонија. Еве конкретно за пример би го зела Бит Пазар.

Лојалните граѓани во Република Македонија , кои што го почитуваат законот за оружје, овие видови на оружје можат да ги набават исклучиво во специјализирани продавници и само доколку претходно МВР по повеќе месечна сложена процедура со неизвесен исход им издаде одобрение за набавка, или пак воопшто не можат да ги набават, затоа што тие законски се забранети во Македонија.

Се ова што го наведов, Здружението на граѓани, другите правни лица познавачи на оваа проблематика, сметаат дека премногу комплицираниот ригиден и рестриктивен закон , граѓаните, наместо кон легалното оружје , ќе ги упатуваат кон набавка на нелегално оружје, што е практика во скоро сите земји во светот, посебно со низок економски стандард. Не поделено е мислењето на граѓанските здруженија кои упатуваат барање за повлеквување на Предлогот на законот за оружје до Владата на Република Македонија е дека законот за оружје треба да му се даде цивилно , односно граѓанско одбележје, со тоа што тој ќе ги дефинира и регулира поимите на оружјето нaменето за лов, за спорт и слично кои што граѓаните можат да го користат согласно со Законот за оружје, а да се отстранат сите поими и елементи

кои што асоцираат на воено оружје , бидјеки тоа е забрането за цивили , а неговата законска обработка е во Законот за вооружување и воена опрема. Затоа , наместо закон за оружје, заеднички предлог е името да биде закон за огнено оружје, по примерот на името на законите на скоро сите земји од ЕУ, но и на некои наши соседи,како што се Албанија, Бугарија, Романија и други. Законската регулатива , под име закон за оружје имаат само Македонија, Босна, Србија и Црна Гора и Руската Федерација, односно транзициони земји, кои што сеуште не ја демократизирале законската регулатива по урнекот на земјите од Европската Унија.

Една од најголемите слабости на важечкиот закон за набавување, поседување и носење на оружје , се непрецизно дефинираните процедури и дискриционите права на МВР при издавање на дозволи за оружје. Познато е дека непрецизно дефинираните процедури и дискреционите права се и основна коруптивна точка во државниот систем и совршен механизам за обесправување на граѓаните и затоа во сите држави , кои што претендираат да се нарекуваат демократски, дискриционите права се заменуваат со јавно презентирани услови , кои што граѓаните доколку ги исполнат по автоматизам ќе се здобијат со тоа законско право.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке Бонева дали  се согласуваат пратениците да завршите со дискусијата,  бидејки е точно 13,00 часот па потоа ќе дадеме пауза.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе дадам уште некое генерално видување . Значи познато е дека непрецизно дефинираните процедури, дискреционото право се основна коруптивна точка во државниот систем и совршен механизам за обесправување на граѓаните и затоа во сите држави кои претендираат да се нарекуваат демократски, дискреционите права се заменуваат со јавно презентирани услови , кои што граѓаните доколку ги исполнат по автоматизам ќе се здобијат со тоа законско право.

Затоа, особено зачудуваат решенијата  во Предлог законот за оружје на Владата на Република Македонија во кој што наместо укинување, имаме зголемување и проширување на дискреционите права на МВР, што секако е и најсериозен проблем на предложениот закон за оружје и некореспондира со европските закони за оружје.

Со предложениот Владин Предлог закон за оружје , се предвидува и пререгистрација на сите досегашно издадени дозволи за оружје и тоа на начин на

граѓаните кои што набавиле оружје по досегашните правила им се наметнуваат нови услови , кои што треба да ги исполнат и кои се различни од тие , кои важеле во моментот , кога го набавиле оружјето пред 10, 20 или 50 години и чие ловечко или спортско оружје во сите тие децении е нивна сопственост, тоа апсолутно е нерпифатливо.

Во предложениот закон се прекршуваат и правата на голем дел од инвалидизираните лица , воделот на нивните права легално да поседуваат оружје, што секако е непознат пример во земјите на ЕУ.

Имено, со новиот закон голем дел од инвалидизираните лица ќе го изгубат правото и понатаму да имаат оружје кое досега го поседувале , а исто така ќе им се прекршат и правата на оние инвалидизирани лица , кои што немаат во моментот оружје, но кои сакаат во иднина да поседуваат оружје.

Во интерес на времето, да не должам многу , има огромен број забелешки за овој закон за оружје и сметам дека она што го искажаа колегите пратеници, она што се конкретни забелешки од страна на сите  организации кој што имаат доставено свои видувања и свои забелешки и она што е спротивно применето , отколку директивите на ЕУ , Владата треба да ги земе предвид и во наредниот период кога ќе го добиеме Предлогот на законот, со Предлог на закон, да имаме  веќе еден текст кој што ќе биде израз на вољата, меѓутоа, и потребите на сите граѓани кои што се заенетересирани, а во исто време ќе кореспондира и со законодавството на ЕУ, да не се доведеме повторно во ситуација , наредниот пат повторно да го приспособуваме и овој закон со директивите на ЕУ. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот . Подоцна ќе го  усвоиме и заклучокот.

Верувам дека по паузата ќе имаме и кворум.

Објавувам пауза.

(Продолжуваме во 14,05 минути).

(По паузата)

Продолжуваме со работа по 26-та точка.

Ги молам стручните служби да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам колегите пратеници кои се присутни во Собранието да влезат во салата за да го изгласаме заклучокот.

Мислам дека сепак ќе треба да направиме мала пауза. Има една парламентарна делегација од Латвија, каде што има група и наши пратеници. Тие не можат во моментов да ни се придружат и имаме најави некои кои што се на друго место ангажирани. Јас мислам дека за петнаесет минути ќе можеме да обезбедиме кворум.

Предлагам пауза од 15,оо минути.

(По паузата).

Почитувани колеги, јас мислам дека можеме да продолжиме. Јас ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Ќе ми дозволите додека чекаме да го прочитам заклучокот.

Имаме најава дека треба да дојдат уште тројца пратеници, кои ни фалат за да обезбедиме кворум.

Имаме информација дека треба да стасаат, но во меѓувреме дозволете ми по веќе заклучениот претрес , Собранието да го усвои следниов заклучок:

1.Собранието на Република Македонија  го усвојува Предлогот за донесување на закон за оружје.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон , при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија , да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Сега имаме 61 пратеник присутни во салата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници од 61 присутен , сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 27 -та точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за музеите.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор минситерот за култура г-динот Благоја Стефановски.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Сосема кратко ако ми дозволите, јас би говорел по сите четири закони.

Прво, сакам да кажам дека Предлогот за донесување на закон за музеите е еден дел од оној што пред два месеци на 10 април го донесовме Законот за културно наследство и сега овдека сакаме да го видиме историскиот и културолошкиот аспект, кој што се потврдува низ универзалните вредности што постојат на овој простор, зашто една од примарните грижи на државата е чување и заштитата на културното наследство.

Карактеристично е тоа што сите овие три закони се од претходните уставни системи од 70-тите години и тоа за музеите од 1979 , за библиотеките од 1974 и за спомен обележјата од 1983 година.

Значи и четвртиот закон е закон за авторски права. Околу тој закон знаете дека Законот за авторско право и сродните права донесен е 1996 година изменет и дополнет во почетокот на 1998 година и кон крајот на 2002 година. Се базира на меѓународно правни извори од областа на авторското право и тоа конвенции, Берлинската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела, Париската од 1971 година , Меѓународната конвенција за заштита на правата на уметниците, издавачи, продуценти, радиодифузни организации, Истарска конвенција и т.н. Значи делот е  за уште понатамошна хармонизација со Европската унија. Сите овие 4 закони, заедно со Законот за културно наследство, отвораат една широка лепеза на закони  кои што ќе го уредуваат и ќе се грижат за законите на овој дел на културното наследство. Значи денеска околу тоа што е прва фаза на овие закони, сметам дека тие се неопходни и втората фаза во брзо време да аплицирам на овие ваши забелешки , нужни за децнетрализацијата која што во овој временски период брзо треба да ги изготвуваме сите тие закони. На тој начин ќе ги заокружиме сите тие закони заедно со Законот за културно наследство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре. Збор има госпоѓата Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, претставници на Владата, колеги пратеници,

Денеска пред нас е законот за музеи, кој што е во прва фаза и затоа претпоставувам дека ќе има голем број на забелешки, дополнувања, кој што секако ќе бидат од полза за донесување на еден корисен адекватен закон за музеите, бидејки според податоците што ни ги достави Владата и што ние од сферата на музеите многу добро ги знаеме, овој закон за музеи кој што сега го донесуваме е прв закон во сферата на музеите, после 25 години.

Значи Законот за музејска дејност бил донесен во 1979 година и отогаш, незнам колкав бил голем интересот на Владата во сферата на културата и во музеите, меѓутоа, овој е прв закон што се донесува после 20 години за музејската дејност.

Можеби е само коинциденција , можеби е случајност, меѓутоа, денеска е 18 мај , меѓународниот ден на музеите, ние го донесуваме законот за музеите во прва фаза и заради тоа сметам дека навистина ќе биде корисно да ги дадеме сите потребни забелешки, кој што ќе овозможат корисно и адекватно помагање во таа сфера, за да добиеме еден навистина, европски закон.

Бидејки целта на овој закон , кој што треба да биде во прва фаза тука презентиран пред нас , ќе го искажеме сите своето мислење. Не само да се имплементира се она што е променето со Уставот од 2001 година, или пак со Законот за локална самоуправа, бидјеки процесот на децентрализација на музеите ги поврзува законите на локална самоуправа и законите од оваа сфера, меѓутоа, исто така, неговата цел е хармонизација со европското законодавство, бидејки од особена важност е и законите кои што се донесуваат од сферата на културата, да бидат хармонизирани со европското законодавство. Токму овој закон оди во таа насока и се приближува до европското законодавство, бидејки во голем број сегменти, во голем број точки ги прима оние елементи , кои што се карактеристични за европското законодавство.

Во сферата на културата, голем број закони дојдоа на дневен ред во овие неколку месеци, можеби со мало задоцнување. Ние пред некој ден ја разгледавме и Националната програма за култура, минатито месец и Законто за заштита на споменици на културата, следуваат законите за библиотечна дејнсот, за споменички обележја, потоа за библиотеките, законот за авторски и сродни права, што значи дека во сферата на културата работите се одвиваат во онаа насока, која што

покажува дека законодавството од сферата на културата, секако дека ќе се хармонизира со европското законодавство. Меѓутоа денеска е денот на музеите и можеби треба да се каже и тоа дека во сферата на музејската дејност во последните децении не се обрнувало многу внимание. Секогаш проблемот на музеите се финансиите, односно средствата кои што се вложуваат во музејската дејност и можеби е време да се каже дека и музиологијата како и сите сегменти од културното живеење во државата , треба да одат по некоја нагорна насока и да се приближуваат кон европските параметри кои што се пропишани за културата, а тоа претпоставува дека како и во сите сфери на културата и за музејската дејност , треба да ги следиме европските трендови. Тоа не можеме да го кажеме за музејската дејност, која што својот зенит го дожиевеала некаде во 70-тите или во почетокот на 80-тите години , а потоа за се имаме оправдување . Кон крајот на 80-тите години се распаднала државата , федерацијата во која сме живееле, па не сме ги следеле европските трендови. Во 90-тите години сме имале поважни работи, сме консолидирале држава, меѓутоа, сега сме во 21-от век и жалосно е што во сферата на музејската дејност, воопшто не се приближуваме до оние параметри кои што ги даваат, или кои се пропизиции во светскиот тренд на музеи, односно европскиот тренд на музеи.

Затоа мислам дека ова е добра прилика, кога ја разгледуваме првата фаза од предлгот за донесување на законот за музеите да кажеме дека македонската музеологија има потенцијал и заслужува да бид едел од презентацијата на светското културно наследство , бидејки според квалитетот на тоа културно наследство навистина завзема значајно место во таа поделба и по квалитетот на културното наследство кое што го имаме, навистина, треба да бидеме во редот на тие европски и светси музеи. Затоа ни треба едно мало тргнување во таа насока, навистина, да бидеме земја со европска музејска дејност.

Сега конкретно за законот , кој што навистина е мал, по европски терк не е оптоварен со голем број членови, меѓутоа секао дека сугестиите кои што ке бидат дадени можат да помогнат во негово понатамошно подобрување.

Уште пред неколку дена беше кажано уште кога стана збор за националната програма дека се потребни нови музејски форми, бидјеки музејсите форми кои се предложени и во Националната програма и сега во новиот закон за музејска дејност, се оние традиционалните, класичните , кои што музеологијата досега во Македонија ги познавала. Значи во членот 2 предлагаме нови музејски форми , а тоа се заложби и на Комисијата за култура. Во тие музејски форми , значи не се само археолошки,

етнолошки , историси, уметнички, предмети, палентолошки, геолошки и зоолошки, туку сепа тука треба да дојдат нови форми во музејското презентирање, поштенси музеи, железнички музеи, црковни музеи, музеи од различни сфери, дигитронски музеи, архитектонски музеи и така натаму, кои што секао кога ќе се спомнат во овој закон за музејска дејност, секао дека подоцна е си го најдат своето место. Можеби е заборавев и музеј за театарска дејност, кој што исто така се предлага од одредени сегменти. Така што сметам дека сите ове музејски форми , треба да го завземат местото во членот 2, каде што се предлагаат кои музејски материјали ќе бидат изложени и презентирани.

Во членот 3 каде што се наведува дека музејот е непрофитна установа од областа на културата отворена за јавноста која што има едукативна улога сметам дека е направена голема неправда во укажувањето на тоа кои се задачите на музејската дејност, наместо да се каже дека музеите се тие кои што истражуваат, прибираат, презентираат, евидентираат, документираат и прикажуваат пред јавноста,и се кажува има и едукативна улога. Едукативната улога е една од 20-те сегменти кои што се битни за музејската дејност можеби последна во ланецот на значајни дејности кои што се значајни за музејската дејност. И сметам дека сите тие треба да бидат наброени, па потоа едукативната, затоа што можеби едукативната е најмалку важна. Сега во светскиот тренд на музејската дејност се препорачува музеите да имаат не само едукативна улога туку да имаат улога со која што ќе претставуваат и забава за граѓаните. Во музеите треба да биде сконцентрирано покрај презентирањето на културните, на историските вредности и едукативната улога која што им се препорачува на музеите треба да бидат организирани концерти, треба да бидат организирани тркалезни маси, меѓутоа треба да бидат организирани и забавни делови кои што ќе и овозможат на публиакта што повеќе да доаѓа во музејските институции и на тој начин да ја зголемат посетата на истите. Значи, едукативната улога е само еден од 20-те сегменти можеби некаде е спомената на 19-то место.

Третата глава која што се однесува на работата на музеите кажува дека музеите систематски истражуваат, собираат, средуваат. Ова е некоја социјалистичка поделба на археолошките истражувања и тука се делат на заштитни и систематски истражувања. Тоа останало само во македонската методологија на работењето на музеите. И затоа сметам дека музеите не треба само систематски да истражуваат, музеите треба да истражуваат и заштитно, или пак да се извади и тоа заштитно од тоа систематски и само да истражуваат. Меѓутоа, за тоа можеме да се

договориме дополнително. Меѓутоа, битно е да се каже дека треба да се заборави таа социјалистичка терминологија која што не враќа назад и која што го ограничува начинот на истражување на одредени институции вклучително немузејските.

Кога станува збор за матичните музеи, многу се зборуваше за матичната дејност во сите сфери на културата, во сите дејности на културата и во овие први фази на закони кои што ги донесуваме матичната дејност зазеде значајно место во сите предложени први фази на закони. Можеби овде во сферата на музеите не е доволно доработена и затоа сметам дека треба да се дорегулира како и во сите останати дејности, бидејќи сметам дека во сферата на музејската дејност не е доволно регулирана.

Во членот 18 кој што се однесува на работното време на музеите, ми се чини дека тоа треба да се прецизира во една точка 6-та евентуално, дека треба да се одреди со статутот на музејот, односно како одредена музејска организација ќе одбере или ќе го формулира начинот на работа.

Членот 28 е мошне интересен бидејќи зборува за раководењето со локални музеи. И тука се зборува за директорот како раководен орган на локалниот музеј. Сметам дека можеби треба да се допрецизираат критериумите и условите под кои што една личност може да стане директор на локален музеј, мислам дека треба професионално да одговори на местото директор на локална институција, треба да има адекватно образование за да не ни се случи да имаме ние адекватни личности кои што ќе имаат позиција на директор во музеите, бидејќи во нивните раце ќе биде креирањето на културната политика на локално ниво што е особено важно понатаму за развојот на културата во една општина кое што понатаму е многу битно, бидејќи од тој развој зависи какви кадри ќе произлезат и како ќе се креираат намерите, сваќањата и потребите на луѓето, односно на младите луѓе во секоја одредена средина.

Сметам дека членот 31 кој што се однесува на основање на приватните музеи треба да се доработи, бидејќи потребата за основање на приватни музеи во дадената поставеност на општеството покажува дека тие стануваат неминовност, дека приватните музеи треба да станат дел од досегашното функционирање на музејската дејност и на музејските институции и дека неможеме ние ако сите европски земји ја познаваат таа категорија која што е одлично разработена и одлично функционира со толку некомплетни податоци да тргнеме во една нова дејност, бидејќи досега кај нас не било регулирано прашањето на приватните музеи. Сметам дека тоа треба да се допрецизира и да се дорегулира и конечно да почнат

да функционираат институции од таков вид и во Република Македонија. Сметам дека на тој начин со формирањето на приватните музеи ќе се збогати и онака богатата дејност на музејски институции кои што навистина се богатство и потреба на една држава.

Кога станува збор за стручните звања во музејските институции, мислам дека посебно треба да се доработат како во сите други дејности кои што се предложени во Законот и да постојат кустос, виш кустос и кустос советник, бидејќи такви функции во музејската дејност постојат долго време, меѓутоа треба да се разработат, бидејќи за сите други сфери во културата, почнувајќи од сверата на заштитата која што ја поминавме или од библиотечната дејност постојат такви доработка на стручните звања. Особено ми пречи членот 38 каде што во посебни изборни стручни звања од областа на музејската дејност се ставени кустос, виш кустос и советник, потоа виш музејски педагок и музејски педагог советник, повторно се враќаме на истото тоа прашање дека педагошката дејност се става на еднакво рамниште со кустоската дејност што сметам дека во образлагањето на членот 3, доволно образложив дека тоа е една од 19-те дејности кои што се работат во музејската свера. Затоа сметам дека музејскиот педагог, вишиот музејски педагог и педагогот советник не им е местото тука да бидат разработени. А, за да го потврдам тоа, бидејќи ние секогаш се повикуваме на европското законодавство, морам да ви кажам дека од 44 закони кои што ги прегледав за да видам како ги регулираат звањата во музејската сфера, само две, или три држави имаат ставено потреба од воведување на музејски педагог, виш музејски педагог и педагог советник што сметам дека ние не треба да го прифатиме, бидејќи кај нас се работат голем број на дејности во сферата на музеите, а педагошката е една од помало значење и не треба само таа да биде истакната.

Ова би биле главно забелешките кои што се однесуваат на текстот по законот. И сметам дека навистина требаше во оваа прва фаза од законот да се искажат сите овие забелешки кои што би им помогнале на Министерството за култура да го допрецизираат законот за музеите во оваа фаза и се разбира да помогне да се оформи еден закон од музејската сфера кој што ќе биде навистина изработен по европски терк. Кажав на почетокот дека Законот е мал, дека е одлично среден, дека се е опфатено што е значајно за музејската сфера. И бидејќи јас како долгогодишен музејски работник многу внимателно го следев кога успеав да најдам само толку малку забелешки сметам дека навистина во оваа фаза заслужува пофалба и дека пратеничката група на СДСМ го подржува Законот за музејска дејност во првата

фаза и препорачува дека навистина законите од сферата на културата треба да бидат работени токму вака.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувана колешке, со оглед дека се надевам и очекувам дека најверојатно ќе зборувате и за меморијалните споменици па и за библиотеките за да не ви се повторува лапсус кој што очигледно го кажавте овде на говорница, значи Уставот на Република Македонија не е донесен во 2001 година, туку во 1991 година. Веројатно мислевте на амандманите, заради тоа како една корекција, нема измени, има амандмани.

По однос на тоа дека овој закон чекал цели 20 години за да го види светлото на виделина па да го донесеме конечно после 20 години, има работи на кои тоа и се должи. Прво е фактот што благодарение на оваа Влада која во голем дел е културна влада, најдовме за сходно да добиеме и ваков закон. Меѓутоа, се должи и најмногу на тоа што министерот ни е од Битола. Да ве потсетам Битола е многу блиску до Прилеп, што значи културата во Македонија токму потекнува од нас. И требаше да чекаме 20 години за да добиеме министер од срцето на Македонија па за да овие закони ги видиме на дневен ред. За жал во претходните влади ние немавме министер кој што доаѓа од Прилеп или од Битола. Е сега, тоа е среќата што да правиме. Па Прилеп, Битола, тоа ти е исто.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на репликата госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Мислам дека репликата не заслужува одговор. Меѓутоа, морам да одговорам дека, ако забележавте колега Караџовски, оваа Влада донесе многу закони од сферата на културата, дури и националната програма за култура што беше должност на претходната Влада, меѓутоа случајно или намерно немавте коментари кога стана збор за националната програма за култура која се разгледуваше на претходната седница. Можеби тогаш требаше да дискутирате, ама не најдовте за сходно да кажете нешто.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Културното наследство е нашето најголемо богатство што треба да го презентираме пред светот. Тоа е една од ретките области која лесно може да и обезбеди на Република Македонија висок рејтинг и престиж на европските простори и европските пазари. Но, за добра презентација треба и примена на современи критериуми за заштита и афирмација на истото наследство. Така, дојдовме до донесувањето на Законот за музејската дејност што значи нормирање на основните предуслови за правилно извршување на дејноста на музеите во согласност со современите тенденции за развој на музејската дејност.

Мојот и нашиот Охрид е своевиден музеј. Затоа законите од областа на културата будат посебен интерес и кај охридската културна фела која е стручна и компетентна да даде свои забелешки и мислења. Предлогот за донесување на закон е за поддржување и ќе ги изнесам забелешките по одредени членови.

Забелешката на член 1 се однесува на почетната реченица. Во предлогот стои: со овој закон се уредува вршењето на дејноста на музеите, а се предлага да гласи: со овој закон се уредуваат условите и начинот за работа на музеите. Пред зборовите “стручни звања”, се предлага да се вметне “стручни работници”, а по него и “стручни звања”. Членот 2 би требало да гласи: музејската дејност е од значење и интерес за Република Македонија. А што се однесув до музејскиот материјал, тој би требало да биде дел на општите одредби. Во општите одредби се регулира дејноста на музеите и треба да гласи како во член 4 со дополнување. После зборот “истражување” да се вметне “ископување”, а новина во законот во согласност со новото државно уредување на Република Македонија е можноста за отворање и на приватни музеи. Во член 5, точка 3 истото е содржано. Но, кога како основач на приватен музеј се јавува странско правно и физичко лице треба посебно да се уредуваат условите и начинот на работа на музеите.

На крајот од последната реченица во член 6 од Законот се предлага да се дополни со претходно прибавено мислење од надлежниот орган утврден со прописите за заштита на културното наследство.

Во член 8 по зборот “истражуваат” да се додаде зборот “ископуваат” а по зборот “заштитуваат” да се додаде “и конзервираат”.

Членот 10 зборува за работата на матичните музеи. По точката 1 предлог е да се додаде “водат централна картотека на музејскиот материјал во Република

Македонија”. Во истиот член се бара уште едно појаснување, дали матичните музеи својата матичност ја имаат и по однос на приватните музеи и музејски збирки.

Глава 4 ја објаснува дејноста на музеите. Предлог е како поднаслов да стои тука “музејски материјал” и да гласи: музејски материјал се движни предмети со археолошка, историска, етнолошка, природно-научна, уметничка и друга вредност од значење за науката, историјата, уметноста, културата и просветата. Заради обезбедување поголема сигурност на музејската документација опфатена во став 2 од член 13 се предлага истата да се изготвува во три примероци и да се чува на три различни места или центри заради сигурност. Заштитна мерка исто така е осигурувањето на музејските предмети, а е опфатено во член 23. По ставот 1 може да се додаде став 2 кој гласи: средствата за осигурување на музејските предмети, нивната документација и просторот во кој се сместени ги обезбедува основачот на музејот. Раководењето со локалните музеи е објаснето во член 28. Точката 7 кажува, директорот се избира со мандат од 4 години и може повторно да биде избран, но не се прецизира колку пати. Па така предлог е да бидат два последователни мандати. Во член 35 не е јасно дали матичните музеи вршат стручен надзор и во приватните музеи и музејски збирки. Глава 9 ги разгледува стручните звања на лицата вработени во музеите. Посебните неизборни стручни звања се наведени во член 37. Се предлага став 2 на истиот член да гласи: и соодветна стручна работа во музеите вршат и документатори, информатичари со соодветно високо образование, фотографи и други стручни лица во зависност од потребите на музејот.

Членот 39 став 2 точка 1 објаснува како се избира кустос советник и предлага да биде доктор на науки од соодветната област, или да има десет години работа како виш кустос. Предлогот на културните работници е десетте години да се заменат со пет. Исто така се однесува и на член 40 став 2 точка 1 за звањето музејски педагог советник.

Почитувани колеги пратеници, ќе завршам со моето размислување за местото и улогата на Охрид како културен центар. Охрид има музеи и самиот е музеј под отворено небо, има природни реткости, го красат архитектонско градежни уникати. Затоа се надевам дека ова Собрание во овој состав со министрите од соодветните ресори ќе направиме посебен закон за Охрид. Охрид тоа го заслужува и му треба, како што го имаат слични градови во нашето балканско опкружување и пошироко во Европа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не мислам да бидам многу долг во дискусијата, би сакал кратко да кажам неколку збора.

Значи, една моја забелешка вака што според мои сознанија дека од сега и според Националната програма која што ја усвоивме музеите, да речеме и во Битола, па и во Прилеп стануваат музеи од надлежност на локалната самоуправа. Се задржува само еден национален музеј, што значи дека судбината на тие музеи незнам каква ќе биде и најверојатно тој епитет музеи ќе остане така. Меѓутоа, проблемот е каква ќе биде нивната иднина, како ќе се одржуваат и што со обработените, но тоа е прашање што најверојатно е за друга тема.

Само би сакал да апелирам, да не ни се случи како и многу други закони да ни завршат во музеи, така и овие три од делот на културата, сепак, треба да го имаат своето место. Бидејќи ова е прва фаза, а да не заборавиме моментално предлагачот и министерот, поточно Владата и министерот за култура е во оставка, колку што знам, што не е пак крајна цел на опозицијата. Меѓутоа, во онаа втора фаза кога ќе дојдат овие закони, а се надевам дека сега ќе ги усвоиме, да не ни се случи сега нашиот почитуван министер кој доаѓа од Битола да ни биде тргнат, па затоа јас апелирам вака.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, немојте со вакви инсинуации.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мислам, апелирам да се задржи континуитетот и во наредниот состав на Владата, за да дојде и втората фаза. Тоа ми е грижата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министерот за култура господинот Благоја Стефановски.

Повелете министре.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Овие се три закони, кои што се во склопот на децентрализација. Оттаму, поделбата на конзерваторските центри на музеи ќе се направи од 2005 година. Но, тоа не значи дека сите музеи ќе бидат од локален тип. Можеби некои музеи, кои што се позначајни и како експонати можат таму да бидат од национален

карактер. Не значи само матичниот, туку и националниот музеј во Скопје дека ќе биде национален. Тоа, впрочем го видовме и од сите овие други серии. Значи, сега засега сите се национални од овие делови во кои што е и музејската се национални, само со делот на Град Скопје кој е пренесен во локалната самоуправа. Меѓутоа, две години тие ќе бидат под Министерството за култура или со блок на дотации како преоден режим. Мислам ние многу претпазливо одиме во насока на Европската заедница, која што ни кажа дека многу претпазливо треба да ги децентрализираме установите од културата. Имено, да не некои значајни нешта што ги одржувавме можеби овие 60 години, да не ни се испуштат така низ рака. Оттаму, во овој момент не би можел да го отворам тоа прашање, меѓутоа, факт е дека и со овој закон, ние ќе можеме не само најблиску до интересите на граѓаните со локалната самоуправа, туку и приватниот капитал да може да отвора музеи или установи, кои што можеби дас бидат надополнети и со државниот интерес и со локалниот интерес. Тоа го дава овој закон. Му благодарам на господинот Караџоски, многу се грижи за мене, не знам, можеби веќе сум предвиден за реконструкција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Една колешка е пријавена, меѓутоа не е тука во моментов.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок, а меѓу време ги замолувам сите колеги пратеници да влезат во салата, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Заклучокот е следниот:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за музеите;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Пред да одиме на гласање, ги замолувам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Молам, предложениот заклучок да го ставиме на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од 63 сега веќе присутни, 57 пратеници гласале за, 2 се воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

***Минуваме на точка 28 - Предлог за донесување закон за меморијални споменици и спомен обележја.***

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова - Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА- МИТЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Нема да станам да зборувам за овој закон, бидејќи мислам да бидам многу кратка. Иако, има четири закони од сферата на културата кои се денес како точки на дневен ред, само за законот за музеите и за законот за меморијални споменици и спомен обележја мислам да кажам неколку збора, бидејќи за другите закони ќе зборуваат останатите колеги од Комисијата за култура.

Овој закон за меморијални споменици и спомен обележја веќе бил донесен во 1982 година, изменете во 1988 година, во 1993 година повторно, што покажува интерес на државата во оваа сфера и еве сега повторно имаме донесување на ваков закон во прва фаза. Се разбира, бидејќи мораше да се направи едно усогласување со Уставот на Република Македонија, пред се терминолошки, потоа содржински и со донесување на законот за локална самоуправа исто така требаше да се спроведат поефикасно процесот на децентрализација и во оваа сфера и заради тоа беше потребно донесување на еден ваков закон, а потоа и посоодветно регулирање на подигањето на спомениците и спомен обезлежја во Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи е во прва фаза имам само неколку забелешки, макар што овој закон не претставува некои големи измени кои се нудат и што е од особено важно, јас секогаш зборувам дека сите закони кои што ги донесуваме од сферата не само од културата во Република Македонија,

треба да бидат хармонизирани со европското законодавство и да се обави за овој закон не важи таа хармнизација со европското законодавство. Овој закон е наш кој се донесува овде во Република Македонија, а секоја земја во Европа тоа си го прави со посебни директиви кои што ги носи. Во последно време се поголем број директиви ги заменуваат законските проекти кои што ги донесува собранијата, односно парламентите на одредени земји и се повеќе закони се третираат преку регулативи. Така што и во секоја земја од Европа оваа тематика е регулирана со одредени регулативи. Еве, кај нас се регулира со закон, меѓутоа, да речеме дека ова е наш закон кој што не е хармонизиран со европското законодавство. Имаме мошне малку забелешки и во Комисијата за култура и јас лично. Сметаме дека во членот 8 каде станува збор дека за секој меморијален споменик кој што е содржан во програмата во член 5 од овој закон, Собранието на Република Македонија донесува одлука за подигање на меморијален споменик, треба да се доразработи, бидејќи можеби со прецизното доразработување на овој член ќе се дефинираат одредени законски обврски на тие што треба да ги спроведат.

Исто така, во главата 3 која што се однесува на спомен обележјата членот 17, особено во вториот дел каде што се вели дека програмата се усвојува во мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои не се мнозинско население во општината, можеби треба да стои или да се напише дека овој член треба да биде усогласен со Законот за локална самоуправа, бидејќи е многу битно оние советници кои се малцинство во советот да можат да го изразат своето мислење.

Кога станува збор за посебните одредби во членот 22 на меморијалните споменици и спомен обележја, се применуваат и прописите за заштита на културно наследство. Ми се чини дека тука треба да се кажат неколку збора, бидејќи важно е да се констатира дека овие меморијални споменици кои што ќе се подигнат, подлежат на сите оние правила законски, кои се утврдуваат за одредени споменици на културата, односно по прописите за заштита на културно наследство, можеби тоа треба да биде кажано со една реченица. Особено ми е драго дека во казнените одредби во член 27 се одредува казна за прекршок, кој што ако некој подигне меморијален споменик кој што не се содржани во програмата од член 5 и вакво регулирање на законот овозможува да се придржуваат сите оние кои планираат да подигаат споменик или спомен обележје, да се придржуваат до законите. Многу е важно што овој новиот закон укажува на некои одредби кои се содржани во

претходните закони за спомен обележја, но можеби не се испочитувани. Така на пример, одредбата за водење на евиденција преку посебни регистри на спомениците и спомен обележја, не беше до сега спроведена во практика и се надевам дека со овој закон кога ќе биде донесен таа за прв пат ќе почне да се применува во пракса. Во голем број на случаи подигањето на споменици се реализирало без донесување на програма до сега, ниту пак со одлука, ниту со одобрение за градење не се почитувале прописите за изградба и се надевам дека со овој закон конечно ќе се почитуваат одредени законски прописи и дека конечно ќе навлеземе во сферата која што правната држава ги одредува дури и во оваа сфера на спомен обележја. Ми се чини дека особено важно, можеби на крајот треба да се каже дека сето ова е усогласено со уставните амандмани од 2001 година, со Рамковниот договор од 2001 година и со Законот за локална самоуправа од 2002 година. Затоа, сметам дека навистина беше потребно еден ваков законски проект да се донесе. Во првата фаза на законот овој законски проект ја има поддршката на пратеничката група на СДСМ.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитуван министре, колеги пратеници,

Како што рече и госпоѓата Елеонора, досегашниот закон кој ја регулираше оваа проблематика се темелеше врз општествено економски основи кои припаѓаат на едно минато време, на едно време со поинаков уставен основ и како таков тој веќе не е применлив. Значи, има потреба од донесување на нов закон заради неговото усогласување со постојниот уставен систем и новите односи во државата. Тоа го налагаат новите општествено економски односи, како и процесот на децентрализација кој што е во тек.

Исто така, во целост ги прифаќам начелата врз кои се заснова законот и кои се таксативно дадени во предлогот за донесување на овој закон.

Во мојата дискусија ќе се задржам на содржината на законот и ќе се обидам да дадам некои забелешки и сугестии и се во насока на подобрување на

текстот. Во основните одредби на законот се дефинирани поимите меморијални споменици, член 2, со кој се одбележуваат настани и личности од исклучително значење за државноста на Република Македонија нејзиниот државно - правен континуитет и историски развој и спомен обележја со член 3, со кој се одбележуваат настани и личности од локално значење.

Со член 4 се регулира кој може да подигне мемоіријален споменик односно спомен обележје. Тука сега имам некои сугестии. Затоа, предлагам став 1 на член 4 да се допрецизира со тоа што спомен обележја да може да подигаат советите на единиците на локална самоуправа. Исто така, предлагам заради допрецизирање во став 2 на член 4 иницијатива за подигање на мемоіријални споменици односно спомен обележја и вложените средства за нивно подигање да се доставуваат до Собранието на Република Македонија односно советот на локалната самоуправа. Истото го предлагам и за став 3 на член 4.

Понатаму, ќе се задржам на член 9 и при тоа предлагам да се дефинира бројот на членови на одборот за спроведување на постапката за подигање на мемоіријален споменик и при тоа во него да бидат застапени барем по еден член од сите заедници застапени во Република Македонија. При тоа, прифатливо е решението мандатот на одборот да биде до завршувањето на мемоіријалниот споменик.

Исто така, предлагам ставот 2 на член 10 кој гласи - Стручните и административно-техничките работи за одборот ги врши стручна служба на Собранието, да се измени и овие работи да ги врши правно лице како субјект што ќе се грижи за подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на мемоіријалниот споменик. Или, како алтернатива да се земе предлогот на Законодавно правната комисија , т.е. Службата на Министерството за култура. Прифатливи се решенијата дадени во членовите од 11 до 16, со што е регулирано распишување на јавни конкурси за избор на идејни решенија за мемоіријални споменици и спомен - обележја.

На крајот, голем е бројот на спомен - обележја, посебно голем е бројот на спомен чешми, кои се подигнати на иницијатива и со финансиски средства на група граѓани. При тоа, да не донесеме одлуки или одобрение од соодветен орган, а уште помалку тие да се евидентирани во соодветните регистри. Значи, не се подигнати според закон. Затоа предлагам, во преодните и завршните одредби во член 33 да се регулира потребата од упис во регистерот на веќе подигнатите вакви спомен - обележја. Претходно, за таа цел да се задолжи советот на општината да

формира комисија која ќе ја констатира соодветната фактичка состојба на теренот, да може истите да заведат во соодветните регистри.

Почитувани пратеници, новите општествено - политички и економски односи налагаат и разрешување на еден проблем кој е, а може да биде актуелен во наредниот период. Станува збор за бисти, скулптури и други творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности кои се од исклучително значење, а пред се' се од локално значење, но сега се наоѓаат во простор, во објект, во двор, т.е. на подрачје на приватна сопственост. Тука веќе настанува проблемот за барање од сопственикот за нивно дислоцирање. Затоа предлагам овој закон да го регулира и ова прашање, заради почитување на начелото на хуманизмот и општо човечките вредности, т.е. единиците на локалната самоуправа да најдат соодветно место на овие спомен - обезлежја. Мислам дека со овој закон попрецизно ќе се регулираат заштитата на спомен - обележјата, односно овој закон ќе профинкционира во реалноста и спомен обележјата ќе го добијат соодветниот третман.

Од причините содржани во предлогот, дадените мислења и сугестии, мислам дека има потреба од донесување на ваков закон и затоа истиот ќе го подржам.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Зуди Џелили, повелете.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Ви благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе дадам мои забезлешки и сугестии во однос на овој предлог за донесување на закон и тоа поаѓајќи од членот 1. Мислам дека првиот параграф од членот 1 треба да биде во согласност со сегашната Прамбула на Уставот на Република Македонија, со оглед на фактот дека оваа дефиниција како што е овде наведена не ја претставува историската реалност и сегашната реалност.

Исто така, мислам дека кога се вели дека овој закон и многу други закони треба да бидат во согласност со Законот за децентрализација, мислам дека имаме една преполовена децентрализација, бидејќи објектите кои ги опфаќа членот

2 се вели дека се од посебно значење и интерес за државата. Додека пак, објектите кои ги вклучува членот 3 се од локален интерес, така што мислам дека имаме една вистинска децентрализација и објектите што ги предвидува членот 2 и 3 се од локален интерес.

Во прв ред, бидејќи, овие настани и овие објекти се во одредено место, а после се и од национален интерес, туку и од државен интерес.

Така што, можам да кажам дека еден дел од овие објекти им се даваат на единиците на локалната самоуправа, додека за еден друг дел ќе се грижи самата држава. Така што имаме една делумна децентрализација.

Друга забелешка е во однос на членот 8 каде и госпоѓата Елеонора наведе дека, додека за настани и личности што треба да се забележат со меморијални споменици Собранието донесува програма, во членот 5, тогаш начинот како ова го донесува Собранието, се предвидува со членот 8, каде што мислам дека треба да се дополни, го цитирам првиот параграф од членот 8:

"За секој меморијален споменик кој содржи програма од членот 5, Собранието на Република Македонија донесува за изградбата на спомен обележјето".

Мислам дека овде треба да се додаде: "одлуката да се донесе со мнозинство гласови од присутните пратеници, имајќи го предвид и мнозинството гласови од присутните заедници кои не се мнозинство во Република Македонија". Бидејќи ова тогаш ќе биде во согласност со амандманот X од Уставот на Република Македонија, алинеја 2, која вели:

"За закони што непосредно ја тангираат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употреба на симболи, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, како и мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се во мнозинство во Република Македонија".

Бидејќи едно такво нешто е направено во овој закон, но овој пат неоправдано кога се во прашање општинските совети, членот 17, значи програмата што ќе ја донесе општинскиот совет за одбележување на спомениците и нивната изградба, одлуката да ги донесе општинскиот совет овој пат со мнозинство гласови од присутните советници кои не се мнозинство во таа општина. Значи, се врши една разлика кога е во прашање одлуката на Собранието, значи во членот 8 не се предвидува одлуката со клуч, додека од друга страна, членот 17, кога се во

прашање локалните единици се предвидува еден ваков клуч. Мислам дека има место да се подобри оваа состојба.

Имам друга забелешка во однос на членот 26, кој во ставот 2 предвидува: “тој кој ќе подигне меморијален споменик или спомен обележје со што ќе се предизвика национална омраза, расна или верска, разделба или толеранција и се во спротивност со уставниот поредок, ќе се казни за кривижно дело со парична казна или затвор до три години”. Мислам дека многу работи треба да се објаснат, бидејќи ако амандманот ВИИИ од Уставот, точка 1 предвидува припадниците на заедниците да имаат право слободно да ги изразат, негуваат својот идентитет и поединостите на својата заедница и да ги употребуваат симболите на својата заедница, Републиката им ја гарантира заштитата на етичкиот идентитет или националниот идентитет, културен, јазичен, верски на сите заедници. Исто така, една таква гаранција дава и амандманот ИЏ точка 1: Републиката ја гарантира заштитата, унапредувањето и збогатувањето на историските вредности и уметничките вредности во Македонија на сите заедници, како и другите материјални добра што ги имаат истите. Така што, ако ние, за некој објект што заедниците ќе ги изразат своите историски, културни и други вредности останувам еднострано дека може да потткне омраза и нетолерантност и некого ќе го казниме со казна, било со пари или со затвор, мислам дека ќе има еден спротивен ефект, бидејќи на таа форма државата ќе ги дискриминира заедниците. Од една страна им гарантира слобода да ги изразат своите вредности, а од друга страна им ги ограничуваат. Тие да ги оценуваат како нивни вредности само тоа што им го наложува законот или државата. Мислам дека овде треба да има еден зафат, една измена, ако сакате можам да ви дадам и конкретен случај. Сведоци сме дека во последно време многу настани што се случија во Македонија, за едната страна беа прифатливи, додека за другата страна неприфатливи. Така што имаме споменици на неколку албански херои кои се изградени со доброволни придонеси на албанците и тие за нас се херои во историјата на албанскиот народ, каде имаат посебно место. Додека за некои тие се третираат сосема поинаку, и, што ќе се случи доколку во иднина не постигнеме да градиме вакви објекти, имајќи ги предвид каприците на едниот етникум во однос на другиот етникум.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Што се однесува до техничките аспекти на технологијата, како е направен законот за спомениците, меморијалните споменици и спомен обележјата говореше мојот колега кој е член на Комисијата за култура. Јас сакав да зборувам за еден друг политички аспект. Што се однесува до пристапот што го има Владата кон културната рамноправност, историската рамноправност што по Охридскиот договор по конфликтот мислевме дека ги освестија сите страни и мислевме дека ќе се измени пристапот. Сега, говорам во минато време, мислевме, бидејќи еве, за жал, и во овој закон за меморијални споменици и спомен обележја се случува истото, исто како и со законот за именување на улици, плоштади итн. Се предвидуваат механизми, т.н. консензуални механизми според кој ниту еден споменик веќе не може да се подигне, ниту едно спомен обележје да се подигне, ниту една улица, ниту еден плоштад не може да се именува доколку не се дадат гласовите и на советниците во тие општини. Можеби од 17 советници само еден е од другиот ентитет и без неговиот глас не може. Овде не сакам да го оспорам овој механизам, бидејќи ние самите сме го изгласале, механизмот на консензус. Но мислам дека тој механизам треба до крај да се одржува, без оглед за каква одлука се говори, од која страна и од која група.

Затоа, моето прашање е, во Дебар, мојата улица сеуште е Вељко Влаховиќ, моите соседи кои се 100% албанци Атанасие Илиќ итн. Имаме споменик во Дебар, од 10 споменици, само еден споменик е албански. Зборувам за тие што се легални, законски, што ги третира законот. Ако ние од сега одлучиме да механизам, со кој што другиот не може да подигне споменик, да го праша другиот, јас би сакал да ми објасни министерот или Владата што ќе се прави со 50 годишната дискриминација што веќе сега е прифатена. Охридскииот договор сега признава дека имало дисбаланс, дека имало културна дискриминација на другите ентитети, затоа и се измени Уставот и се донел Рамковниот договор и затоа беше војната.

Значи, со овој закон, мојот предлог е, да не излезе дека сум само критичар, мојот предлог е г. министре и почитувана госпоѓо од парламентарното мнозинство, пред да ги донесете законите што ја тангираат културната, историската сфера и област, веќе да нема дискриминација, туку да го заштитиме и со консензуалниот механизам да изградиме заеднички вредности, со што во многу се

согласувам, пред да го направите овој закон вие треба да донесете програми, краткорочни, каде ќе инсценирате актуелна ситуација и ќе посведочите каде е тој културен дебаланс и историски дисбаланс од минатото, да предложите мерки во таа програма, како да ги поставиме историските и културните вредности на албанците, именувањето на улиците и плоштадите таму каде што се албанците во мнозинство, па потоа програма што ќе биде краткорочна и тогаш да дојдат до израз механизнмите што ќе ги заштитат вредностите од дискриминација од друга страна. Со неинтервенирање во дискриминацијата и дисбалансијата, што е законски и историско културолошки, всушност, Владата со овој закон го става печатот на културната и историска дискриминација, што е повторно изразена кај албанците. Зборувам за законскиот аспект, не зборувам за спомениците, што утре можеби некој ќе ги сруши, можеби со новите закони нема можеби да бидат ниту законски.

Рамковниот договор се гради на основните начела: доверба, легалност и лојалност кон институциите. Тоа се елементи што често ги спомнувам. Жалам што Владата изгледа овие термини: доверба, лојалност кон институциите, ги разбирам како термини на куртуазија, термини на убави зборови и заборава Владата дека ова, за жал, се мерливи категории. И културата и историјата се мерат. Ако еден народ од една општина што се мнозинство во 90% или 60% или 70%, како што е градот Дебар, дека објектите, спомен обележјата се 90% од другиот ентитет, јас не знам ова како да го наречам. Ќе најдам друг збор, меѓутоа јас би го нарекол како дисбаланс од минатото.

И сега, ако навистина сакаме да изградиме нов менталитет, нова реалност, тогаш првенствено треба да предложиме да Владата даде програма за културно историскиот баланс и дури потоа да се усвои закон што ќе ги сочува, со консензуални механизми културниот и историскиот баланс.

Значи, ние имаме време, било како сугестија до г. министер или до Владата, додека да дојде втората фаза на овој закон, ние имаме време и вие имате време да размислите за овој аспект, како да обезбедите културен и историски баланс во тие места каде има мнозинство и каде има измешано население. Тие да се чувствуваат, да можат да ја изразат својата култура, својот ентитет преку споменици, улици, плоштади, да направи ваква програма па дури потоа, во меѓувреме да изградиме закони што потоа ќе гарантираат дека овој баланс ќе се одржи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Во меѓувреме, ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за меморијални споменици и спомен обележја.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Пред да пристапиме кон гласање, би ги замолила службите да го утврди бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Јас ги молам колегите пратеници кои се во Собраниево да влезат во салава, да можеме да го изгласаме Предлогот за донесување на закон за меморилани споменици и спомен обележја.

Ве молам за малку трпение, известена суд дека секој момент ќе пристигнат пратениците.

Во ред, сега можеме да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници од присутни 61, за гласале 56 пратеници, негативно гласале четворица.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 29 - Предлог за донесување закон за библиотеките.**

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеник Кирил Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, колеги пратеници,

Одамнина на овие простори опстојува изреката “Книга читај, низ векови гледај”. Ова не е случајно. Анализирајќи го тоа значи дека книгата кај нашите народи е присутна одамна и предизвикувала значаен интерес и го подигнувала културното ниво на граѓаните.

Сите ќе се согласиме кога ќе речеме дека самото читање на книгата е од големо значење и дека книга која не е прочитана не постои, или подобро речено нема свој “резон - детр”. Од искона народното верување и давало на книгата речиси вредност на светиња. Тоа секако произлегувало од првобитното сваќање за нејзиното свето потекло: Слово на законот, Свето писмо, Куран, Талмуд, и сл.  се придавала надчовечка вредност на самата идеја на книгата. Таа имала елитно потекло. Долго време требаше да помине за да добие улога на масовна комуникација.

Но ние денес говориме за оној организиран пристап на книгата и нејзиното читање во библиотеките, како форма на доближување на книгата до корисниците. И одма да кажеме дека во Македонија и во времето кога таа ја немала оформено својата државност, успешно делувала по форма и содржина најразлични видови на библиотеки поврзани уште во појавата на писменоста, манастирските  библиотеки, па преку црковно - училишните библиотеки со огромни ракописни фондови кои често биле и предмет на вандалско уништување, исламските библиотеки, граѓанските библиотеки кон средината на 19 век, поврзани со преродбата, библиотеките кои делувале на овие простори за време на туѓинските режими со определена пропагандна содржина, па се до 1945-тата година кога се формираат народните библиотеки во општинските  центри и НУБ “Климент Охридски” со ранг на Национална библиотека.

Мораме да признаеме дека во изминатиот период изградени се повеќе библиотечни објекти и преку позитивно законодавство формирани значајни библиотечни фондови. Ова особено се однесува на НУБ “Климент Охридски” која до распаѓањето на Бифша Југославија се сметаше за значајна и призната библиотека во Југословенските и пошироките простори, со своите стандарди и организациона поставеност со кадарот со кој располагаше и со богатите книжевни фондови.

Во периодот на транзицијата оваа дејност се најде во тешка недефинирана состојба. Ова особено во периодот од 1998 година кога беше донесен Законот за култура и кој цели четири години беше оставен како акт во прашните фиоки во Министерството за култура, без негова имплементација.Таков однос, сега, особено по донесувањето на трите значајни законски акти: Законот за култура и Законот за заштита на културното наследство и Националната програма за култура. Никој нема да ни прости. Затоа сметаме дека тоа е одговорен однос што така брзо дојде овој Закон во Парламентот и покрај него цел пакет, пакет на други закони од културата.

Пред нас е Предлог за донесување на Закон за библиотеки. Почетен текст кој ќе биде предмет на неколку читања и сигурен сум дека ќе значи закон кој ќе биде усогласен со целокупното законодавство: Уставот, Законот за култура, Законот за заштита на културното наследство, Законот за локална самоуправа и слично. Текстот почитува да биде сериозно разгледан. Овој момент кога треба да се има во предвид критички осврт на минатото, да се определиме со значајни потфати за сегашноста и да создадеме посигурна визија за реализација во иднина. На тој план треба да се тргнува за создавање на таков систем на библиотеки кои ќе го имаат предвид следното:

- дека библиотеките треба да бидат големи, работни, интелектуални централи за сите оние кои знаат и сакаат да работат и да ги користат;

- тие мора да бидат динамични лаборатории на човековата мисла, вистински најдемократски и заеднички институции на сите граѓани.

Овие барања пред с#, затоа што сегашноста темелно веќе не внесе во иднината и од нас бара нови визии.  Законот веќе не ги смета библиотеките како нешто статично. Таа која беше место на чување на книги, во својата нова улога станува мобилна, подвижни се нејзините фондови и непрекидно обновување. Книгата треба да циркулира, а не да биде заточеник на депоата. Сето тоа го овозможува новата технологија и електроника. Да создадеме библиотеките да бидат широко отворени и модерно организирани, информативни и образовно општествени институции кои служат за потребите на сите граѓани.

За понудениот текст на законот во оваа фаза е потребно што понепосредно да се искористат сознанијата и предлозите на НУБ “Климент Охридски”. Ова пред се, затоа што има и желба од нивна страна да се направи тоа.

Моите забелешки се сведуваат на следново:

1. Во определба да се дефинира библиотечниот материјал неопходно е утврдување на јасни критериуми за разграничување на библиотечниот материјал, од архивската граѓа и музејскиот материјал. Ние во досегашната пракса имаме сериозни отстапувања од ова. На пример, во Музејот на Охрид љубоморно се чува одреден архивски материјал кој практично е таму каде што му е местото, во архивите. Тоа конкретно се писмата на правите партизански одреди кои можат да бидат архив во музеите само како експонати односно како преснимани текстови. Меѓутоа нивниото место е во архивите. Исто такви појави има меѓу библиотеките и архивите. Значи се залагам за критериуми на разграничување. Овој проблем долго време е влечен низ македонската пракса, меѓутоа не е најдено решение.

**2.** Да се утврди - предвиди кој е основач на специјализираните библиотеки во состав на одредени институции, заводи, фабрики и слично и кој е соодносот со матичната библиотека во државата.

3. Конечно е потребно да се утврди статусот на НУБ "Климент Охридски" како национална библиотека.

Профилог, Универзитетска е додаден и во други држави таа е врзана за универзитетите. Во минатото имаше настојувања за нејзино посебно формирање, но факултетските и семинарските библиотеки, да не речам професорските библиотеки не беа расположени за ваков вид библиотеки. Предноста во тоа е тука што е подобро организационата поставеност и појасна политиката на набавка на книги и разни други видови публикации неопходни за професорите и студентите. Тоа не значи дека таа сега треба да се издвои од Народната библиотека, но да си го добие конкретниот статус како универзитетска.

Потребно е појасно одредување на надлежностите на Националната библиотека "Климент Охридски". Притоа треба јасно да се има во предвид дека Националната библиотека е ризница на националното книжевно наследство и на современото творештво преку пишаниот збор, а со самото тоа и централен национален информативен систем, единствен библиографски центар во Републиката, матична библиотека, истражувачки центар на книжевното богатство надвор и во земјата, единствен центар на ЦИП (каталогизација во публикацијата, примената на ИСБДМ и други стандарди.

Од овие причини критериумот Национална библиотека не треба да се поврзува дали неа ќе ја финансира државата, туку тоа ќе се определува преку надлежностите.

Тоа што на уште две други библиотеки (депозитни) само заради тоа што го прибираат депозитот на печатената продукција пред се, во заштитни цели, не би требало да бидат национални. Тие можат да бидат регионални или локални со додадени задачи покрај другото да го прибираат и депозитот. Може тука да се утврди и статусот на библиотеките во Битола и Тетово и како универзитетски затоа што имаме универзитетски центри.

4. Не е доволно образложен БИС (библиотечно информативен систем) во смисол на учесници и нивни задачи, надлежности, функционирање, обврска на државата - финансирање - управување.

5. Прашањето на ревизија на библиотечниот материјал и библиотечната документација да се утврди со овој закон, а не со Статутот на Библиотеката. Впрочем за ова постојат меѓународни стандарди и да не дозволиме шаренило во секоја библиотека во смисол на ревизија.

6. Законот не го регулира доследно прашањето на библиотечната статистика. Ова прашање е доста значајно за целосни истражувања за тоа што се чита, кои се потребите, каква е структурата на корисниците, за кои намени се чита и истражува, амортизација и заштита на книгата и слично. Покрај тоа, утврдената статистика ќе се усогласи и со барањата на оваа цел од Заводот за статистика со кого досега захтевите се различни.

7. Создавање на читатели, корисници, не може да се решава преку ноќ или со некакви мерки. За тоа е потребна долгорочна, трпелива работа, од најрана младост и низ цел работен век на човекот. Од тие причини, законот треба да ги прецизира и утврди меѓусебните односи, права и обврски на корисниците во сферата на користењето на библиотечниот материјал и информациите од него.

8. Библиотекарската професија се смета за една од најстарите и најхуманите професии во светот. Библиотекарот е посредник меѓу книгата и читателот. Тој е оној кој ја прави книгата достапна, книгата која најголемите мислители на човештвото ја нарекуваат “извор на мудроста”, “ризница на човековата култура”, “чувар на човековата меморија”, “духовно наследство” и тн. Високата оценка која се дава на библитекарската професија искажана е во низа документи на меѓународните организации, УНЕСКО и ИФЛА, во кои библиотекарското дело се третира како “меѓународна професија” со единствен систем на принципи и техника на работа.

Затоа овој наш закон не смее да го остави и натаму како и досега недефинирано прашањето за стручно-институционално образование во

библиотечната дејност. Во оваа дејност се вработуваат сите можни професии и потоа уз работа по пат на семинари, курсеви кои се организираат или не се стекнуваат со некакви минимум знаења за работа.

Сметам дека како и во другите земји неопходно е комплетно, интегрално и единствено формирање на кадар за библиотеките, музеите и архивите. Уште повеќе што посебните изворни стручни звања и во сите три закони, предвидени со законот каде како услов за виш -библиотекар или библиотекар - советник е потребна магистратура или докторат од соодветната област. Која област од библиотекарството кога во нашиот образовен систем тоа не постои?

Затоа час поскоро е потребно воведување на катедра за овој вид дејности со претходно изработен елаборат, впрочем како што тоа пред неколку години беше направено, но само за архивистиката. Затоа е потребен интердисциплинарен пристап. Затоа стсручните испити што овде се регулирани сметам дека треба да се усогласат со Законот за култура, така како што таму е предвидено.

На крајот разбирливи се некои технички пропусти во текстот на законот што не се прифатливи, но со оглед дека ова е прва фаза, ние сигурно сметаме дека тие ќе бидат отстранети.

Во јавната расправа во која ќе се вклучат и познати библиотечни работници и експерти, особено кабинетот за унапредување на библиотекарството во НУБ ќе добиеме добар закон кој ја заслужува нашата поддршка.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

На почетокот би се задржал на некои показатели во врска со библиотеките и библиотечката дејност што сметам дека треба да се напомнат за да би се добила подобра и поконкретна слика за таа и те како важна област од култура.

Почетоците на библиотекарството на Република Македонија се смета дека датираат со почетоците на словенската писменост односно некаде во 9-от век и потоа преку манастирското библиотекарство, исламските библиотеки, граѓанските библиотеки кои се формирани во средината на 19-от век, па преку народните библиотеки формирани по 1945 година кога практично е формирана Народната и универзитетска библиотека со ранг на национална установа.

До 1992 година основачи на народните библиотеки беа општините, а Републиката беше основач само на Националната библиотека што целосно ја финансираше. Но, во периодот на транзиција сите народни библиотеки се финансираа од Републичкиот буџет кои средства, за жал, не беа доволни за одржување на самиот книжевен фонд, а камоли и за збогатување на истиот.

Исто така, сериозен проблем е непостоење на институционалното образование на библиотечниот кадар во земјата, во која засега се решава само со активности во Универзитетската библиотека односно преку организирање на курсеви, семинари и стажирања. И во оваа област како и во другите области на културата се преземаат активности за автоматизирање на библиотечните процеси и за воспоставување на автоматизиран библиотечно информативен систем.

Сега би се задржал на самиот предлог за донесување на закон за библиотеките односно на моите забелешки.

Во член 3, сметам освен што стои во дефиницијата дека библиотеката е непрофитна установа од областа на културата, треба да се потенцира дека таа е и научно истражувачка и образовна институција, како што стои во член 6. Практично не постои дефиниција на библиотека, така како што е наведено во член 3, бидејќи е дадена само описно нејзината работа.

Во член 5 каде се зборува за видови библиотеки според основачот, став 2 треба да се избрише бидејќи тоа веќе е дефинирано во член 3.

Во член 6, библиотеките според предметот на својата работа се поделени, не сум баш сигурен дали оваа поделба е соодветна, бидејќи во принцип сите библиотеки работат со кничен фонд односно поделени на општи и специјализирани, јаз би додал и специјални библиотеки. Тоа се однесува на библиотеки за лица со посебни потреби односно за слепи лица каде што преку тонскиот библиотечен фонд би располагале со цедиња и аудиокасети. Такви библиотеки би можеле да бидат во склоп на општата библиотека или пак самостојно за еден поголем регион односно такви три четири библиотеки би биле доволни за целата Република. Таква библиотека засега во Република Македонија има во Републичкиот сојуз за слепи лица и во Државното училиште за рехабилитација на деца и лица со оштетен вид. Деновиве таква библиотека беше отворена во Прилеп, што е за поздравување и сметам дека во тој регион, проблемот за слепите, за нивното дооформување им е решен.

Според мене овие специјални библиотеки би требало да бидат финансирани со наменски средства од Министерството за култура.

Во член 31, секоја единица на локална самоуправа односно Советот основа локална библиотека. Тоа мора да биде задолжително. Затоа сметам, општината ако нема обезбедено библиотечна дејност на своето подрачје, тоа треба да го направи државата, но за сметка на општината односно единицата на локалната самоуправа.

Во член 40, Совет на библиотекарство, како стручно и советодавно тело, би требало да формира Владата на Република Македонија, а не Минситерството за култура, како што стои во текстот. Сметам дека нема логика ако национална библиотека основа Владата на Република Македонија, како што е тоа во член 5 став 3, а Советот на библиотекарство да го основа Министерството за култура. Овој член треба добро да се преработи бидејќи не е јасно кои луѓе би влегле како членови на Советот. На пример не е јасно потенцирано дека во Советот треба да има претставник и од Министерството за образование и наука затоа што во Македонија има околу 120 научни и стручни библиотеки, како и над 600 училишни библиотеки кои не се под надлежност на Министерството за култура. Затоа јас предлагам во Советот за библиотекарство да има претставник од Министерството за култура, од Министерството за образование и наука, претставници од Националната и универзитетска библиотека, потоа претставник од библиотекарското друштво на Македонија, претставник од Универзитетската библиотека, претставник од високошколската библиотека и претставник од специјализираните библиотеки. Сигурно предлогот треба да се дефинира, а не како што стои во член 40 точка 3 “Претседателот и членовите на Советот се именуваат од редот на истакнати поединци”. Веднаш се поставува прашање кои се тие истакнати поединци или пак претставници од научни установи, здруженија на граѓани, од оваа област.

Во глава 9 каде стои надзорот, толку малку е дадено за стручниот надзор и инспекцискиот надзор. Имам чувство дека глава 9 од предлогот, како да не ни е потребна, без разлилка што се повикуваме на Законот за култура и надлежниот орган, утврден со прописот за заштита на културното наследство.

Во Глава 10 се зборува за стручни звања, но ништо не се спомнува, малку по специфично за стручните испити, кој ги спроведува однсоно кои спроведуваат стручна обука за полагање на стручни библиотекарски испити, дали се задолжителни тн. Со еден збор главата треба да се доработи, иако сосема накратко е дадена во член 11 точка 5 односно дека тоа е во надлежност во матичната библиотека.

По самиот предлог за донесување на закон никаде не се спомнува за правото на библиотеките да се поврзуваат во сојузи кои би биле координативни тела и би ги

претставувале и застапувале интересите поврзани со развојот на самите библиотеки.

Исто така, во вој предлог никаде посебно не се нагласени правата на корисниците, а практично библиотеките потојат за самите корисници. Овој предлог за донесување на законот за библиотеките треба активно да се дорајботи, бидејќи поедини глави, според мене, незадоволуваат. На пример треба посебно да се наведе делокругот на работата на јавните односнолокалните библиотеки, потоа специјализираните во кои влегуваат училишните, високошколските, библиотеките во состав на научните институции и слично и тоа како посебни поглавја.

Во оваа фаза ќе го поддржам овој предлог за донесување закон за библиотеките, со надеж дека забелешките од собраниската расправа и собраниските комисии ќе бидат земени предвид при предлагање на Предлог-законот. Но, исто така, сметам дека треба да се земат предвид и забелешките и сугестиите од стручните библиотекарски асоцијации, како и законите од земјите кои не опкружуваат, а посебно законот за библиотеки од Република Словенија кој според мене е еден од посолидните и поквалитетни закони.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-ѓа Цветанка Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Почитувани, само неколку реченици околу Предлогот за донесување закон за библиотеки.

Предложениот закон ќе создаде правни и стручни основи библиотеките да станат репрезентативни и истражувачко образовни институции како некогаш. Но, со законот што се предлага ќе се постигне нивно модернизирање, збогатување, усовршување и поврзување на сите библиотеки во Република Македонија во единствен систем. Но, морам да забележам дека правниот вакум во изминатиот период особено во периодот од 1999 до 2002 година, создаде хаос во Охридската библиотека “Григор Прличев” која апсолтутно тоа не го заслужува. Беа уништени голем број книги особено оние кои зборуваат за нашата историја. Тоа го фрла во вода мотото на монографијата на Охридската библиотека како една од најстарите за се што е добро во мене и должам на книгата.

Охридската библиотека предлага во членот 11 став 4 да се дополни со обврска на Народната универзитетска библиотека “Свети Климен Охридски” како матечна библиотека на време да ги информира библиотекарите во Република Македонија за промените во стручната обработка на библиотечниот материјал.

Во истиот член како точка 21 предлог е да стои: “Народната универзитетска библиотека да организира едукативни средби на библиотекарите од Република Македонија “

Најважната забелешка се однесува на членот 13 кој ги именува депозитните библиотеки во Република Македонија . Мислам дека депозитна библиотека треба да биде и Библиотеката “Глигор Прличев” во Охрид. Објаснувањето е едноставно. Охрид е родно место на Словенската писменост. Тој е Климентов и Прличев град и за него се врзуваат почетоците на библиотечната дејност. Тука се чуваат највредните документи на Словенската писменост и култура.

Во Глава 6 членовите 31, 32, 33 и 34 може да се внесат ставови кои ќе го дообјаснат основањето, раководењето и финансирањето на локалните библиотеки. Кога како основач на приватна библиотека ќе се јави странско правно и физичко лице членот 35 треба да прецизира под кои услови и на кој начин ќе работат таквите библиотеки.

Крајот на ова мое излагање е идентичен со оној претходниот што се однесува на Законот за музеите, бидејќи и во оваа дејност Охрид максимално партиципира.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитуван министер, предлогот од Министерството за култура во однос на една значајна дејност како што е библиотечната, мислам дека е добар предлог токму во овој момент во услови кога пред извесно време го донесовме Законот за култура, донесен е Законот за локална самоуправа и во тој контекст овој предлог нуди усогласени решенија со решенијата кои се составен дел на двата претходни закони. Тоа што посебно треба да се поздрави е дека преку овој предлог и предвидените одредби во овој закон се предвидува можност за основање на библиотеки и од физички лица било домашни или странски со што се создаваат услови и за странски инвестиции во оваа област, нешто што е за поздравување.

Во согласност со одредбите во овој Предлог закон, библиотеките како непрофитабилни асоцијации предлагачот ги става во две категории јавни и приватни, јавните се одвоени во национални и од локален карактер. Националните или државните библиотеки ги оснива Владата додека локалните можат да се основаат од локалната самоуправа.

Тоа е во ред, но јас ќе се заложам да дадем неколку забелешки за кои мислам дека предлагачот треба да ги има во предвид во наредната фаза. Ќе почнам со ред.

Прво, мислам дека како е дефиницијата на библиотеките како непрофитабилни асоцијации, добро е да се направи една дефиниција на другите видови на библиотеки како што е матичната, депозитните библиотеки итн. Факт е дека во членот 10 каде за матичната библиотека предлагачот кажува која е матичната библиотека и ги кажува надлежностите на оваа библиотека. Мислам дека би било поцелисходно доколку се даде една дефиниција во однос  на тоа што во суштина подразбираме под матична библиотека.

Кога сме овде мислам дека поимот предвиден во членот 10 како матична библиотека се смета како национална, мислам дека треба да се каже како државна поради фактот дека Законот за култура каде сите библиотеки ги смета како национални институции и во оваа насока за да ја направиме разликата помеѓу дејноста на матичната и другите библиотеки кои исто така се национални добро е да повторам да се направи оваа замена на поимот .

Имам забелешка на членот 13 каде станува збор за т.н. депозитни библиотеки каде се нагласуваат три кои учествуваат во оваа категорија. Тоа се Универзитетската во Скопје, Универзитетската библиотека во Битола и библиотеката во Штип. Но, и покрај тоа, за жал, предлагачот можеби не нашол сила, а незнам зошто, требаше и националната во Тетово во која се наоѓаат, за среќа, два универзитети, да се внесе во оваа категорија на депозитни библиотеки.

Се надевам дека во наредната фаза оваа моја сугестија предлагачот ќе ја земе во предвид и ќе предложи или во оваа категорија ќе ја внесе и Националната библиотека во Тетово.

Мислам дека е добро во втората фаза на овој Предлог закон да се направи поделба или дефиниција на тоа што се подразбира под Универзитетска библиотека, бидејќи во многу места се спомнува поимот универзитетска, но како поделба не ја дава во оваа фаза на Предлогот за донесување закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Мислам дека е добро да се расчисти поимот депозит. Во Македонија од дамнешната 1945 година па наваму постои задолжиртелен примерок кој содржи во себе од плакат, па до докторска дисертација и за тоа да бидат сочувани не на едно место беше предвидено, а и Законот сега предвидува да се дисперзираат во три средини. Тоа е НУБ, Битола, Штип заради заштита.

Депозитот не се дава на користење, тој се чува како архивски библиотечен материјал во трезор. Спрема тоа, ако сметате дека со тоа некои библиотеки ќе го зголемат својот фонд за користење, тоа е грешка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Јашари, одговор на репликата.

АДНАН ЈАШАРИ:

Не случајно го спомнав поимот депозитни библиотеки. Оваа забелешка ја разгледав и со министерот и советникот на министерот, мене ми е јасно што значи депозитна библиотека, почитуван колега.

Јасно ми е дека овие три библиотеки се предвидени со Закон кој вие го нагласивте претходно, а да се направи тоа што го нагласив треба да се измени Законот од вас и на крај Тетовската библиотека да го има овој статус. Јасно ми е што кажувате и на што алудирате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има уште еден пријавен дискутант, тоа е г-динот Михајло Георгиевски, меѓутоа, имаме уште 4 минути, па дали ќе можете да се искажете во тие 4 минути? Во ред.

Има збор г-динот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и г-да пратеници, членови на Владата,

Законот за библиотеки е од големо значење за библиотекарската дејност во Македонија. Библиотекарството е една од најважните културно-просветни дејности

од кои зависи развојот на културата во дотичната земја. Тоа се занимава со книгата - основниот извор на сите знаења.

Законот што денес ни се нуди во прва фаза има многу добри страни, но и големи пропусти, што мислам дека во својата втора фаза треба да биде дополнет и така комплетиран да дојде во својата втора фаза по извесно време.

Моите главни забелешки се состојат во следното:

Прво, материјалот не е добро систематизиран. Така на пример член 2 треба да ја третира библиотечната дејност како јавна служба, а членот 3 да го третира библиотечниот материјал.

Второ, отсуствува професионално познавање на библиотекарската дејност. Тоа е последица на неконсултирање на стручњаци од областа на библиотекарството. Кога ги запрашав стручњаците по библиотекарство во Кабинетот за унапредување на библиотекарството на Република Македонија при НУБ “Св. Климент Охридски” во Скопје дали имате некои забелешки, тие ми одговорија дека има толку многу забелешки што неможат да се искорегираат и затоа седнале и направиле нова верзија на овој Закон и истиот ќе го достават до Министерството за култура и верувам дека тој предлог ќе биде од полза.

Трето, во Предлог законот не е опфатен еден од главните сегменти на библиотекарството, а тоа националниот библиографски систем што е еден од главните елементи во библиотекарското работење.

Четврто, водењето на статистика е многу важна работа , а таа не е застапено во Предлог законот. Тоа е потребно и треба да биде застапено

Петто, стручните звања се измешани и треба да бидат дефинирани според стручните укажувања на квалификувани лица од таа област.

Шесто, не се застапени стручни испити иако се од огромно значење за совладувањето на библиотекарската теорија и пракса. Стручните испити се особено важни ако се има во предвид фактот дека во Македонија нема никакво библиотекарско образование ниту средно, ниту високо. Во таа смисла треба да се размислува и за отварање училишта и катедра за библиотекарство, а до тогаш треба во законот да бидат застапени стручни испити како единствена форма за оквалификување на библиотекарскиот кадар, покрај семинарите и други работи што се организираат.

Седмо, посебно важно да се внесе во законот остварувањето на библиотечната дејност врз стандардизирани основи.

Осмо, во врска Националниот совет за библиотекарство треба децидно да стои во законот дека тој се состои од докажани стручњаци од таа област.

Деветто, посебно во законот треба да се потенцира дека националната улога во областа на библиотекарството како и досега ја обавува НУБ “Св. Климент Охридски” во Скопје. Во тој контекст треба децидно да се именува оваа врвна установа како национална библиотека на Република Македонија  “Св. Климент Охридски” во Скопје, бидејќи единстено таа е компетентна да ја врши националната улога во областа на оваа дејност.

Основните национални библиотеки во Штип и Битола треба да се именуваат како државни депозитни, регионални библиотеки во Битола, Штип, Тетово и други места.

Десето, на крајот во законот треба да се регулираат правата и должностите на корисниците на библиотечните услуги.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега е точно време кога треба да завршиме со седницата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

Дали уште некој се јавува за збор? (никој)

Бидејќи ниој не се јавува за збор, го заклучувам претресот, мислам дека нема резон да го читаме заклучокот, тешко дека повторно ќе се собереме, но ајде да се обидеме.

Ги повикувам пратенците што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Простете за малото доцнење, помина една минута преку времето.

Ги молам уште еднаш сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да го изгласаме и овој закон, а во меѓувреме јас би си дозволила да го прочитам заклучокот.

По завршениот претрес на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за библиотеките.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и

предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографксите белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за култура.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратеници во салата и уште еднаш повикувам ако има некој пратеник што не е влезен во салата, тоа да го стори.

(службите ги пребројуваат пратениците, но нема доволен број)

Далеку сме од кворумот.

Дали имате информација дека би можеле, ако причекаме, да дојдат колеги пратеници?

Да причекаме ако може мало трпение, имаме информации дека ќе успееме да обезбедиме кворум.

(минути на чекање)

Колеги, јас мислам дека сепак треба да ја прекинеме седницата, утре во 10,00 часот би ве молела за точност за да можеме веднаш да преминеме утре на гласање.

Благодарам.

Седницата прекина во 17,05 часот.